СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 28 мај 1998
Скопје
Број 24 Год. LIV

Аконтацијата за 1998 година изнесува 7.200 денари. Овој број чини 150 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

685.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 1998 година.

Број 07-2027/1
19 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

ЗАКОН
ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Член 2

Во Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собрание) се избираат 120 пратеници.

Од вкупниот број 85 пратеници се избираат според мнозинскиот принцип од 85 изборни единици утврдени со закон, а 35 пратеници се избираат според пропорционалниот принцип, при што територијата на Република Македонија претставува една изборна единица.

Во изборните единици бројот на избирачите може да отстапува најмногу од минус 10% до плус 10% во однос на просечниот број на избирачи во изборните единици.

Доколку по донесувањето на законот за изборните единици се зголеми, односно намали бројот на избирачите во одделна изборна единица, изборните единици нема да се менуваат до донесувањето на новиот закон за изборните единици.

Член 3

Пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори, со тајно гласање.

Никој не смее да го повика граѓанинот на одговорност поради гласањето, ниту пак од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал.

Член 4

Право да избира има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот и има деловна способност.

Член 5

Право да биде избран за пратеник има секој државјанин на Република Македонија кој:

- наполнил 18 години живот;
- има деловна способност и
- не се наоѓа на издржување на казна затвор за сторено кривично дело.

Член 6

Функцијата пратеник е неспојлива со функцијата претседател на Република Македонија, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија на Уставниот суд на Република Македонија, судија, јавен обвинител и со други носители на функции кои на професионална должност ги избира или именува Собранието и Владата на Република Македонија.

Функцијата пратеник е неспојлива со функцијата градоначалник и со член на совет во општина и Градот Скопје.

Функцијата пратеник е неспојлива и со извршување на стручни и управни работи во органите на државната управа.

Со денот на верификацијата на мандатот за пратеник, на носителите на функциите од ставовите 1 и 2 на овој член функцијата им престанува.

Од денот на верификацијата на мандатот за пратеник, на лицата од ставот 3 на овој член привремено им престанува работниот однос за време на мандатот.

Член 7

На припадниците на вооружените сили на Република Македонија, припадниците на униформираниот дел на полицијата на раководни места, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и во Агенцијата за разузнавање од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати за пратеници службата им мирува.

Со денот на верификацијата на мандатот за пратеник, на лицата од ставот 1 на овој член работниот однос привремено им престанува.

Член 8

Пратениците не можат да бидат отповикани.

Член 9

Избори за пратеници се одржуваат секоја четврта година, во последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав или во рок од 60 дена од денот на распуштањето на Собранието.

Актот за распишување на изборите го донесува претседателот на Собранието и со него се определува денот од кога почнуваат да течат роковите за извр-

шување на изборните дејствија и денот на одржувањето на изборите.

Актот за распишување на изборите се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 10

За дејствијата, актите, поднесоците и другите списи во врска со спроведувањето на изборите за пратеници не се плаќа такса и сите дејствија во изборната постапка се ослободуваат од плаќање на сите видови данок.

II.ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Член 11

Органи за спроведување на изборите се:

- Државната изборна комисија,
- изборните комисии на изборните единици (во натамошниот текст: изборни комисии) и
- избирачките одбори.

Член 12

Државната изборна комисија е составена од претседател, осуммина членови и нивни заменици.

Државната изборна комисија има секретар и негов заменик.

Претседателот, членовите на Државната изборна комисија, секретарот и нивните заменици ги именува Собранието за време од четири години.

Претседателот, членовите на Државната изборна комисија, секретарот и нивните заменици се именуваат на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Член 13

Претседателот и двајца членови на Државната изборна комисија и неговите заменици се именуваат од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија.

Тројца членови на Државната изборна комисија и нивни заменици предлагаат политичките партии во опозиција кои на последните избори освоиле најмногу гласови.

Тројца членови на Државната изборна комисија и нивни заменици предлагаат политичките партии кои се на власт.

За секретар на Државната изборна комисија и негов заменик се именуваат дипломирани правници.

Секретарот не влегува во составот на Државната изборна комисија и нема право на глас.

Член 14

Политичките партии од членот 13 ставови 2 и 3 на овој закон, членовите и нивните заменици, ги утврдуваат во рок од пет дена по добивањето на известувањето за таа цел од претседателот на Собранието на Република Македонија.

Ако политичките партии не ги утврдат и доставаат имињата на членовите и нивните заменици во рокот определен во ставот 1 од овој член, членовите и нивните заменици ги предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Членовите на Државната изборна комисија и нивните заменици од членот 13 ставови 2 и 3 на овој закон, по правило, треба да бидат дипломирани правници.

Член 15

Изборна комисија се формира за секоја изборна единица.

Изборните комисии се составени од претседател, четворица членови и нивни заменици.

Претседателот, членовите на изборните комисии и нивните заменици ги именува Државната изборна комисија за време од четири години.

Изборната комисија има секретар кој е дипломиран правник, а го именува претседателот на изборната комисија.

Секретарот не влегува во составот на изборната комисија и нема право на глас.

Член 16

Претседателот и членовите на изборните комисии се именуваат во рок од 20 дена од денот на распишувањето на изборите.

Претседателот на изборната комисија и неговиот заменик се именуваат од редот на судиите на основниот суд.

Двајца членови и нивните заменици се именуваат на предлог од политичките партии во опозиција кои на последните избори освоиле најмалку 5% од гласовите од избирачите кои гласале.

Двајца членови и нивните заменици се именуваат на предлог од политичките партии кои се на власт.

Член 17

Политичките партии од членот 16 ставови 3 и 4 на овој закон, предлозите за кандидати за членови на изборните комисии и нивните заменици ги доставуваат до Државната изборна комисија во рок од 15 дена од денот на распишувањето на изборите.

Политичките партии од членот 16 ставови 3 и 4 на овој закон, кандидати за членови на изборните комисии и нивни заменици предлагаат и во случаите кога член и негов заменик ќе поднесе оставка. Политичките партии ги доставуваат предлозите во рок од 24 часа по добивањето на известувањето од Државната изборна комисија.

Ако политичките партии не доставаат предлог во рокот утврден во ставовите 1 и 2 од овој член, членовите на изборните комисии и нивните заменици ги именува Државната изборна комисија.

Член 18

Претседателот на изборната комисија и неговиот заменик, по правило, се од основниот суд кој го покрива подрачјето на изборната единица.

Членови на изборните комисии и нивни заменици можат да бидат само лицата кои имаат избирачко право.

Одлуките за именувањето на изборните комисии се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Член 19

Избирачки одбор се формира за секое избирачко место.

Избирачките одбори се составени од претседател, четворица членови и нивни заменици.

Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик ги именува претседателот на изборната комисија од редот на граѓаните со живеалиште во изборната единица каде што се наоѓа соодветното избирачко место.

Членовите на избирачките одбори и нивните заменици ги именува изборната комисија.

Член 20

Претседателот и членовите на избирачките одбори и нивните заменици се именуваат најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Двајца членови и нивни заменици во избирачкиот одбор се именуваат на предлог на политичките партии

во опозиција кои на последните избори освоиле најмалку 5% од гласовите од избирачите кои гласале.

Двајца членови и нивни заменици во избирачкиот одбор се именуваат на предлог на политичките партии кои се на власт.

Член 21

Политичките партии од членот 20 ставови 2 и 3 на овој закон, кандидатите за членови на избирачките одбори и нивни заменици ги предлагаат најдоцна 20 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Ако политичките партии не доставаат предлог во рокот утврден во ставот 1 од овој член, членовите на избирачките одбори и нивните заменици ги именува изборната комисија.

Претседателот на изборната комисија именува нови членови на избирачкиот одбор и нивни заменици во случаите на неоправдано напуштање на гласачкото место на членови на избирачкиот одбор и нивни заменици на денот на изборите.

Член 22

Претседателот, членовите на избирачките одбори и нивните заменици, можат да бидат само лица кои имаат избирачко право и се со постојано живеалиште на подрачјето на изборната единица.

Член 23

Органите за спроведување на изборите можат да работат и да одлучуваат ако присуствуваат мнозинство од членовите.

Органите за спроведување на изборите одлуките ги донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 24

Членовите на органите за спроведување на изборите и секретарот, како и нивните заменици не можат да бидат кандидати за пратеници.

Ако член на органот за спроведување на изборите, секретарот, како и нивни заменик прифати кандидатура за пратеник, функцијата на член, секретар односно заменик му престанува.

Член 25

Членовите на органите за спроведување на изборите својата функција ја извршуваат непристрасно, совесно и одговорно во согласност со надлежностите утврдени со овој закон.

Членовите на органите за спроведување на изборите за извршената работа имаат право на надоместок, чија висина ја утврдува Државната изборна комисија.

Член 26

Секој подносител на листа има право да определи претставник и негов заменик што ќе ја следат работата на изборната комисија и на избирачкиот одбор од започнувањето на изборите сé до утврдувањето и објавувањето на резултатите.

Ако еден подносител на листа поднесува листа на кандидат и листа на кандидати, определува единствен претставник за двете листи.

Подносителот на листа му издава овластување на претставникот и за тоа ја известува изборната комисија.

Претставникот на подносителот на листа на седницата на изборната комисија може да предупреди за недоследности во нејзината работа и, доколку не биде прифатено предупредувањето, може да побара тоа да биде внесено во записникот.

Член 27

Државната изборна комисија:

1) се грижи за законитост во подготовките и спроведувањето на изборите и дава упатства;

2) го именува составот на изборните комисии, дава упатства за нивното работење, дава појаснувања за примената на одредбите на овој закон и за спроведување на изборите;

3) ги потврдува и објавува листите на кандидати за избор на пратеници според пропорционалниот принцип и со ждрепка го утврдува нивниот редослед во гласачкото ливче;

4) формира помошни тела за извршување на организационо-технички работи;

5) определува заеднички стандарди за изборниот материјал и други материјални услови и се грижи за нивното спроведување;

6) пропишува обрасци за спроведување на изборите и ги објавува во "Службен весник на Република Македонија";

7) го определува начинот на ракувањето и чувањето на изборниот материјал;

8) го организира печатењето на гласачките ливчиња и листите на кандидати (ја утврдува формата, големината, бојата и сериските броеви на гласачките ливчиња);

9) ја информира јавноста за начинот на гласањето и за остварувањето на избирачкото право;

10) ги утврдува правилата за набљудување на изборите на домашни и странски набљудувачи и им обезбедува исправи за идентификација;

11) одлучува по приговори;

12) ги утврдува и објавува резултатите од изборите според пропорционалниот принцип;

13) ги објавува резултатите од спроведените избори за пратеници во Собранието во рок од три дена од денот на нивното одржување;

14) поднесува извештај за спроведените избори до Собранието;

15) издава уверенија на избраните пратеници и

16) врши и други работи предвидени со закон.

Член 28

Изборната комисија:

1) се грижи за законито спроведување на изборите во изборната единица;

2) ги именува членовите на избирачките одбори предложени од политичките партии и дава упатство за работење на избирачките одбори;

3) ги потврдува листите на кандидат и со ждрепка го утврдува редоследот во единствената листа на кандидат;

4) ја објавува единствената листа на кандидат за избор на пратеник во изборната единица за поднесените потврдени листи на кандидат;

5) презема технички подготовки за спроведување на изборите според упатството и инструкциите на Државната изборна комисија;

6) ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласањето;

7) ги евидентира овластените претставници на кандидатите за следење на работата на изборната комисија и на избирачките одбори;

8) ги предава изборните материјали на избирачките одбори на начин утврден со овој закон;

9) ги утврдува резултатите од гласањето за избор на пратеник во изборната единица во рок од 24 часа од затворањето на избирачките места;

10) ги објавува резултатите од изборите за избор на пратеник во изборната единица и ги доставува до Државната изборна комнсија;

11) го пресметува бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати поединечно и резултатот го доставува до Државната изборна комисија;

12) одлучува по приговори заради неправилности во работата на избирачките одбори;

13) пополнува и доставува статистички податоци за потребите на Заводот за статистика на Република Македонија и

14) врши и други работи.

Член 29

Избирачкиот одбор непосредно раководи со гласањето на изборите, обезбедува правилност и тајност на гласањето, обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето и го утврдува резултатот од гласањето во гласачкото место.

Избирачкиот одбор за својата работа составува записник и заедно со изборниот материјал го доставува до изборната комисија.

Член 30

Органите на државната управа се должни на органите за спроведување на изборите да им обезбедат технички и други услови за работа.

За вршење на работите од ставот 1 на овој член на органите на државната управа им се доделуваат средства од Буџетот на Република Македонија.

III. ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ

Член 31

Предлагањето на кандидати за избор на пратеник според мнозинскиот принцип се врши со поднесување на листа на кандидат.

Предлагањето на кандидати за избор на пратеници според пропорционалниот принцип се врши со поднесување на листа на кандидати.

Член 32

Право да поднесат листа на кандидат, односно листа на кандидати имаат регистрираните политички партии самостојно или две и повеќе партии заедно, како и група избирачи (во натамошниот текст: подносители на листи).

Член 33

Кога подносител на листа на кандидат е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 200 потписи од запишаните избирачи во изводот од Единствениот избирачки список, за изборната единица.

Кога подносител на листа на кандидати е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во Единствениот избирачки список.

Член 34

Потписите на избирачите во постапката на кандидирање се собираат пред надлежен државен орган на пропишан образец од Државната изборна комисија, кој содржи име и презиме, постојано живеалиште, професија, работно место и единствен матичен број на предложениот кандидат, како и име и презиме и единствен матичен број на избирачот кој го потпишува предлогот.

Секој избирач својот потпис може да го даде само за една листа на кандидат и само за една листа на кандидати.

Избирачите кои ја поднесуваат листата мора да имаат избирачко право и постојано живеалиште на подрачјето на изборната единица во која се врши изборот.

Член 35

Подносителот на листа може да поднесе само една листа на кандидат во изборната единица, односно една листа на кандидати.

Подносителот на листа не може еден ист кандидат да го стави и на листа на кандидат и на листа на кандидати.

Член 36

Листата на кандидат, односно листата на кандидати ја потпишува лично овластен претставник на подносителот на листата.

Името на листата се означува според името на подносителот на листата.

Ако подносител на листата на кандидат е група избирачи, името на листата се означува со "независен кандидат".

Ако подносител на листата на кандидати е група избирачи, името на листата се означува со "група избирачи".

Член 37

Листата на кандидат се доставува до изборната комисија најдоцна 35 дена пред денот на одржувањето на изборите.

Листата на кандидат се поднесува на посебен образец кон кој се приложуваат потврда за регистрација од надлежниот суд и доказ за отворена жиро-сметка за изборна кампања.

Кога подносител на листа е група избирачи, мора да поднесе и потребен број на потписи.

За секоја кандидатура е потребна писмена согласност на кандидатот која е неотповиклива.

Член 38

Листата на кандидати се доставува до Државната изборна комисија најдоцна 35 дена пред денот на одржувањето на изборите.

Листата на кандидати содржи толку кандидати колку што се избираат пратеници.

Редоследот на кандидатите во листата на кандидати го утврдува подносителот на листата.

Член 39

Изборните комисии и Државната изборна комисија веднаш по приемот на листата на кандидат, односно на листите на кандидати утврдуваат дали тие се поднесени во определениот рок и се составени во согласност со одредбите на овој закон.

Ако комисија од ставот 1 на овој член утврди дека се направени одделни пропусти, односно неправилности, ќе ги повика подносителите на листите веднаш, но најдоцна во рок од 48 часа, да ги отстранат констатираните пропусти или неправилности.

Ако комисија од ставот 1 на овој член утврди дека листите се поднесени во определениот рок и се составени во согласност со одредбите на овој закон, односно констатираните пропусти и неправилности подносителите на листите ги отстраниле во рокот од ставот 2 на овој член, поднесените листи ќе ги потврди со решение.

Член 40

Ако комисија од членот 39 став 1 на овој закон утврди дека листите се поднесени ненавремено, односно констатираните пропусти и неправилности подносителите на листите не ги отстраниле во рокот од членот 39 став 2 на овој закон, поднесената листа ќе ја отфрли со решение.

Против решението на изборната комисија од ставот 1 на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 24 часа до апелациониот суд.

Апелациониот суд е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 48 часа.

Против решението на Државната изборна комисија од ставот 1 на овој член може да се поднесе

жалба во рок од 24 часа до Врховниот суд на Република Македонија. Врховниот суд на Република Македонија е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 48 часа од нејзиниот прием.

Жалбите од ставовите 2 и 4 на овој член се доставуваат непосредно преку изборните комисии, односно Државната изборна комисија.

Доставување на жалби по пошта не е дозволено.

Член 41

Изборната комисија со ждрепка ќе го утврди редоследот на кандидатите во единствената листа на кандидат за избор на пратеник во изборната единица.

Државната изборна комисија со ждрепка ќе го утврди редоследот на листите на кандидати во гласачкото ливче.

Комисиите од ставовите 1 и 2 на овој член, за активностите што ќе ги преземат во согласност со ставовите 1 и 2 од овој член задолжително претходно ги известуваат овластените претставници на подносителот на листата.

Комисиите од ставовите 1 и 2 на овој член утврдените листи ќе ги објаваат во дневниот печат најдоцна 30 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Комисиите од ставовите 1 и 2 на овој член утврдените листи и ќе ги огласат во избирачките места во изборната единица во која се врши изборот.

IV. ИЗБОРНА КАМПАЊА

Член 42

Политичките партии, две или повеќе политички партии заедно, групата избирачи и кандидатите за пратеници (во натамошниот текст: организатори на изборната кампања) имаат право рамноправно и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето за кандидати за пратеници.

Член 43

Изборната кампања започнува 40 дена пред денот определен за избори и не може да се врши 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите.

Странски правни и физички лица не можат да организираат изборна кампања.

Член 44

За законитоста на спроведувањето на изборната кампања е одговорен организаторот на изборната кампања.

Организаторот на изборната кампања е одговорен и за оние дејствија на изборната кампања за кои ќе овласти други лица.

Член 45

Кандидатите имаат право, ако во времето на изборната кампања, односно во настапите или пропагандните известувања на одделни организатори на изборната кампања им се повредуваат правата (со попречување и оневозможување на кампањата на противкандидатите), веднаш да покренат постапка за заштита на своите права пред надлежниот основен суд.

Постапката за заштита на правата во случаите на повреда на правата на кандидатите е итна.

По барањето за заштита на правата основниот суд ќе одлучи во рок од 72 часа од денот на поднесувањето на барањето.

Против одлуката на основниот суд може да се изјави жалба во рок од 72 часа од денот на приемот на одлуката до надлежниот апелационен суд.

Надлежниот апелационен суд одлучува во рок од 72 часа од денот на поднесувањето на жалбата.

Правосилната одлука веднаш се објавува во јавните гласила.

Член 46

Јавните гласила во Република Македонија се должни под еднакви услови да обезбедат рамноправност во претставувањето на кандидатите за пратеници, политичките партии, групата избирачи и на нивните програми.

Должината на траењето на изборното претставување, како и условите и методите на рекламирање за користење на програмското време, односно просторот во јавните гласила за претставување на кандидатите, политичките партии и групата избирачи и на нивните програми, ги определува Собранието со Одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување, што ќе се објави најдоцна 40 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Член 47

Кога се објавува испитување на јавното мислење за кандидатите, политичките партии и групата избирачи во изборната кампања, потребно е да се наведат имињата на аналитичарите кои го направиле истражувањето, датумот, методологијата, примерокот и името на нарачувачот кој го побарал испитувањето.

Испитувањето на јавното мислење може да се објави најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите.

Испитувањата на јавното мислење можат да се вршат на самиот ден на изборите, а резултатите можат да бидат објавени непосредно по затворањето на избирачките места.

Член 48

Јавните гласила кога објавуваат изборни пропагандни известувања во информативниот дел се должни да наведат дека се работи за платен оглас.

Член 49

Јавните гласила чиј основач е Собранието во соработка со Државната изборна комисија имаат обврска да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласање.

Член 50

Изборни плакати е дозволено да се истакнуваат без надоместок на места што ги утврдува општината, односно Градот Скопје.

Општината и Градот Скопје имаат обврска да ги обележат местата од став 1 на овој член за секој подносител на листи поодделно.

Општината и Градот Скопје можат да утврдат и дополнителни места за истакнување на изборни плакати со надоместок.

Дел од средствата од ставот 3 на овој член општините и Градот Скопје непосредно по завршувањето на изборите се должни да ги искористат за отстранување на сметот направен за време на изборната кампања.

Општините и Градот Скопје се должни да ги објаваат условите за добивање право за користење на местата за истакнување изборни плакати најдоцна 50 дена пред одржувањето на изборите.

Општините и Градот Скопје се должни да обезбедат еднакви услови за сите организатори на изборната кампања при истакнувањето на плакати на утврдените места.

Изборни плакати може да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти со претходна согласност од сопственикот на објектот.

Член 51

Уништување на изборни плакати или лепење преку друга плаката на другите организатори на изборната кампања е забрането.

Член 52

Предизборните собири се јавни.

За одржување на редот на собирите одговара организаторот.

Член 53

Организаторот на изборната кампања за организирање на предизборен собир на јавни места и на места каде што се одвива јавен превоз писмено го известува надлежниот орган на Министерството за внатрешни работи преку подрачната единица најдоцна 48 часа пред денот на одржувањето на собирот.

Член 54

Предизборните собири не смеат да се одржуваат во воени објекти, верски објекти, во болници, домови за стари лица, училишта, детски градинки и други јавни институции.

По исклучок, на организаторите ќе им биде дозволено да одржуваат предизборни собири во просториите на училиштата или културни центри доколку во изборната единица нема друг објект каде што би се одржал собирот.

Дозволата ја дава одговорното лице на установата под услови еднакви за сите организатори на изборната кампања.

За потребите на изборната кампања не е дозволено да се користат просториите, опремата или другиот имот што е наменет за работа на државните органи и органите на локалната самоуправа.

По исклучок, можат да се користат просториите на државните органи и органите на локалната самоуправа, доколку во местото не постојат никакви други соодветни простории за потребите на изборната кампања.

Дозволата ја дава одговорното лице на органот под услови еднакви за сите организатори на изборната кампања.

V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

Член 55

Организаторот на изборната кампања треба да отвори жиро сметка со назнака "за изборна кампања", најмалку 45 дена пред денот определен за изборите.

Кога организатор на изборната кампања е група избирачи потписник на жиро-сметката е овластениот претставник на подносителот на листата.

На жиро-сметката организаторот на изборната кампања ќе ги депонира сите средства добиени од правни или физички лица за финансирање на изборната кампања.

Сите трошоци за кампањата ќе се покријат исклучиво од средствата на жиросметката.

Евидентирањето на приходите се искажува по вид, висина и извор.

Организаторите на изборната кампања се должни да ја затворат жиро сметката најдоцна во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите.

Член 56

Организаторот на изборната кампања е должен да поднесе финансиски извештај за изборната кампања.

Финансискиот извештај за изборната кампања содржи податоци за вкупниот износ на средства и направените трошоци.

Финансискиот извештај се доставува до Собранието најдоцна три месеци од денот на завршувањето на изборите.

Организаторот на изборната кампања кој е група избирачи, вишокот од собраните средства ќе го подари во добротворни цели.

Член 57

Изборната кампања не смее да се финансира од:

- средства од Буџет на Република Македонија, освен определените средства од членот 59 на овој закон;
- средства од буџетот на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје;
- средства од јавни претпријатија и установи;
- средства од здружение на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации;
- средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица.

Член 58

При финансирањето на изборната кампања за пратеник, организаторот на изборната кампања може да потроши најмногу 15 денари по запишан избирач во изборната единица за која има поднесено листа на кандидат, како и најмногу 15 денари по запишан избирач во Единствениот избирачки список за листата на кандидати.

Член 59

Право на надоместок на трошоци за избори имаат организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за пратеници во висина од 15 денари по добиен глас.

Надоместокот на трошоците за избори ќе се исплати од Буџетот на Република Македонија најдоцна во рок од три месеци од поднесувањето на финансискиот извештај за изборна кампања.

Кога подносител на листата на избраниот пратеник се две или повеќе политички партии, средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако поинаку не се договориле.

Надоместокот на трошоците за избори се определува со одлука на Собранието.

Член 60

Изборната комисија и Државната изборна комисија ќе донесат решение за поништување на изборот на кандидат за пратеник, односно на кандидати за пратеници на политичка партија, две и повеќе партии заедно, односно група избирачи, ако со правосилна пресуда се утврди дека во текот на изборната кампања користеле средства стекнати од извршени казнени дела.

VI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Член 61

Граѓаните за одржување на изборите се известуваат преку јавен повик и истакнување плакати на видни места .

Известувањето на граѓаните го вршат изборните комисии.

1. Изборен материјал

Член 62

Изборниот материјал за спроведување на изборите за пратеници се состои од:

- потребен број кутии за гласање;
- обрасци на записници;
- потребен број на гласачки ливчиња за избор на пратеник во изборната единица и на гласачки ливчиња

за гласање за листи на кандидати, колку што има избирачи во тоа избирачко место според изводот од Единствениот избирачки список;

- листи на кандидати;
- заверен извод од Единствениот избирачки список и
- друг материјал потребен за гласање.

Член 63

Државната изборна комисија изборниот материјал го предава на изборните комисии најдоцна во рок од 72 часа пред денот определен за одржување на изборите.

За предавањето на изборниот материјал на изборните комисии се составува записник во кој треба посебно да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња за избор на пратеник во изборната единица со сериските броеви, вкупниот број на гласачки ливчиња за гласање за листи на кандидати со сериските броеви и потребниот број листи на кандидати што се истакнуваат во просториите за гласање.

Член 64

Изборната комисија е должна еден ден пред денот определен за одржување на изборите да го предаде изборниот материјал на избирачките одбори.

За предавањето на изборниот материјал на избирачките одбори се составува записник во кој треба да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња за избор на пратеник во изборната единица со сериските броеви и вкупниот број на гласачки ливчиња за гласање за листи на кандидати со сериските броеви и друг материјал потребен за гласање.

Во записникот за преземање на изборниот материјал избирачкиот одбор констатира дали просторијата во која ќе се гласа ги исполнува предвидените услови за гласање.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор и член на изборната комисија кој го предава материјалот.

Доколку присутните претставници на подносителите на листи имаат забелешки за предавањето на изборниот материјал, имаат право истите да бидат евидентирани во записникот и само така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оцена во жалбената постапка.

2. Гласачки ливчиња

Член 65

Гласачкото ливче за избор на пратеник во изборната единица содржи:

1) број на изборната единица;
2) име и симбол (ако го има) на подносителот на листата ;
3) реден број, име и презиме на кандидатите;
4) сериски број на гласачкото ливче и
5) упатство за гласање.

На гласачкото ливче кандидатите се наведени по оној редослед кој е утврден во единствената листа на кандидат.

Доколку има кандидати со исто име и презиме, тогаш се наведува и почетната буква на нивното средно име.

Член 66

Гласачкото ливче за листите на кандидати содржи:

1) реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата;
2) име и презиме на носителот на листата;
3) сериски број на гласачкото ливче и
4) упатство за гласање.

Доколку има носители на листа со исто име и презиме, тогаш се наведува и почетната буква на нивното средно име.

Листите на кандидатите ќе бидат истакнати во просторијата за гласање.

3. Спроведување на гласањето

Член 67

За секое избирачко место се определува место на кое се врши гласањето (во натамошниот текст: гласачко место).

На секое гласачко место се поставуваат две кутии за гласање.

Член 68

Гласањето започнува во 7,00 часот и трае непрекинато до 19,00 часот.

Во 19,00 часот гласачкото место се затвора, а на избирачите кои се затекнале во објектот каде што се гласа ќе им се овозможи да гласаат.

Избирачкиот одбор може да го затвори гласачкото место и пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член, ако гласале сите избирачи запишани во изводот од Единствениот избирачки список.

Член 69

Претседателот и членовите на избирачкиот одбор најдоцна еден час пред почетокот на гласањето се собираат во просторијата за гласање и утврдуваат:

- дали просторијата е во иста состојба како што ја оставиле на денот пред изборите;
- дали изборниот материјал е во иста состојба како што бил на денот пред изборите и
- дали гласачките кутии се празни.

Избирачкиот одбор составува записник за утврдената состојба кој го потпишуваат претседателот и членовите на одборот.

Забелешките на членовите на избирачкиот одбор се констатираат во записникот.

Доколку претставниците на подносителите на листите имаат забелешки имаат право истите да бидат евидентирани во записникот и само така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оцена во жалбената постапка.

Член 70

Избирачкиот одбор се грижи за одржување на редот и мирот на гласачкото место.

Избирачкиот одбор може секој што го нарушува редот и мирот на гласачкото место да го отстрани.

Избирачкиот одбор може да побара помош од полицијата за воспоставување ред на гласачкото место.

Никој не смее да дојде на гласачкото место вооружен, освен полицијата во случајот предвиден во ставот 3 на овој член.

Член 71

Избирачкиот одбор може да го прекине гласањето ако на гласачкото место се наруши редот сé додека тој не се воспостави.

Гласањето може да се прекине и во случај на временски непогоди или други вонредни околности.

Ако гласањето било прекинато подолго од еден час, гласањето ќе се продолжи за онолку време колку што траел прекинот, но не подолго од три часа.

Ако прекинот траел подолго од три часа, гласањето ќе се повтори.

Причините за прекинот на гласањето и времето за кое гласањето морало да се прекине се внесуваат во записникот.

Член 72

Претставниците на подносителите на листите, доколку имаат забелешки на работата на избирачкиот одбор за време на гласањето, можат да укажат на неправилностите, со цел тие да бидат отстранети.

Дадените забелешки писмено се евидентираат во записникот и само така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оцена во жалбената постапка.

Член 73

Членовите на изборните комисии и избирачките одбори, претставниците на подносителите на листи и набљудувачите за време на гласањето и на местото на гласањето не смеат да носат ознаки или симболи на политичка партија или кандидат.

На денот на изборите не е дозволена изборна кампања.

Во просторијата каде што се изведува гласањето и во нејзина близина во радиус од 100 метри избирачкиот одбор во соработка со надлежните органи е должен да ги отстрани пропагандните материјали.

4. Начин на гласање

Член 74

Гласањето се врши лично на гласачките места во Република Македонија, со избирачка легитимација.

Член 75

Избирачите пристапуваат да гласаат еден по еден.

Кога избирачот пристапува да гласа избирачкиот одбор ја проверува неговата избирачка легитимација и личниот идентитет.

Личниот идентитет избирачот го докажува со лична карта или патна исправа.

Избирачкиот одбор по утврдувањето на идентитетот на избирачот го заокружува неговиот реден број во изводот од Единствениот избирачки список и става печат во неговата избирачка легитимација на местото пропишано за тоа.

Член 76

Гласањето се врши со две гласачки ливчиња.

На избирачаот му се предаваат гласачкото ливче за избор на пратеник и гласачкото ливче за листите на кандидати на тој начин што членовите на избирачкиот одбор не го гледаат серискиот број.

На избирачот му се објаснува начинот на гласање и му се дозволува да гласа.

Избирачот има право еднаш да гласа за кандидат во изборната единица и еднаш да гласа за една од листите на кандидати.

Член 77

Избирачот гласањето за кандидат од единствената листа на кандидат го врши на тој начин што го заокружува редниот број пред кандидатот за кој се определил да гласа и гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање за избор на пратеник во изборната единица.

Избирачот гласањето за листите на кандидати го врши на тој начин што го заокружува редниот број на подносителот на листата за која што се определил да гласа и гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање за листите на кандидати.

Член 78

Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немокно или болно лице) а сака да гласа, ќе го извести за тоа избирачкиот одбор најдоцна три дена пред денот определен за гласање.

Известувањето од ставот 1 на овој член може да се даде и преку полномошник.

Избирачкиот одбор на тоа лице му овозможува да гласа во неговиот дом или во болницата каде што се наоѓа еден ден пред одржувањето на изборите на начин со кој се обезбедува тајноста на гласањето.

Избирачкиот одбор за гласањето од ставот 3 на овој член обезбедува посебна кутија за гласање која се носи празна во домот, односно болницата каде што се наоѓа избирачот.

Гласањето од ставот 3 на овој член избирачкиот одбор го внесува во записникот.

За гласањето од ставот 3 на овој член, претседателот на избирачкиот одбор писмено ги известува претставниците на подносителите на листи за денот и часот кога ќе се изврши гласањето.

Член 79

Избирачот кој има физички недостаток или е неписмен и поради тоа не може да гласа на начин утврден со овој закон, има право со себе да доведе лице кое ќе му помогне при гласањето.

Ако лицето од ставот 1 на овој член не доведе со себе лице кое ќе му помогне при гласањето, тогаш избирачкиот одбор ќе определи друго лице од редот на избирачите.

Лицето кое ќе му помага на друго лице при гласањето не смее да биде од редот на членовите на избирачкиот одбор, претставниците на подносителите на листите или набљудувачите.

Едно исто лице може да помогне при гласањето најмногу на двајца избирачи од ставот 1 на овој член.

Избирачкиот одбор на лицето од ставот 3 на овој член ќе му укаже дека со неговата помош не треба да влијае врз одлуката на избирачот.

Гласањето од ставот 1 на овој член избирачкиот одбор го внесува во записникот.

Член 80

Избирачите кои на денот на гласањето не се во местото на своето живеалиште поради отслужување на военото рок или се на военa вежба, гласаат во воената единица.

Изборната комисија списоците на избирачите од ставот 1 на овој член е должна веднаш по добивањето да ги достави на воените единици и воените установи каде што избирачите се на отслужување на военото рок или се на военa вежба.

За избирачите од ставот 1 на овој член, изборите ги спроведува избирачкиот одбор од најблиското избирачко место, еден ден пред денот определен за гласање, а за гласањето се известуваат и претставниците на подносителите на листите заради нивно присуство на гласањето во воената единица.

За гласањето од ставот 3 на овој член, избирачкиот одбор составува посебни записници.

Записниците и изборниот материјал по завршувањето на гласањето се доставуваат до соодветните изборни комисии.

5. Утврдување на резултатите од гласањето на гласачките места

Член 81

Резултатите од гласањето на гласачките места ги утврдува избирачкиот одбор.

Избирачкиот одбор по завршувањето на гласањето, веднаш започнува со утврдување на резултатите од гласањето.

Резултатите од гласањето на гласачкото место за избор на пратеник во изборната единица се утврдуваат на тој начин што:

- се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња, од секое ливче се откинува дел и се става во посебен плик кој се затвора и се запечатува и врз него се пишува бројот на избирачкото место и вкупниот број на неупотребени ливчиња;
- се утврдува вкупниот број избирачи кои гласале запишани во изводот од Единствениот избирачки список.

По завршувањето на дејствијата од ставот 1 на овој член, се отвора гласачката кутија за избор на пратеник и се пристапува кон пребројување на гласовите.

Избирачкиот одбор со ждрепка определува еден член кој ќе ги вади и отвора гласачките ливчиња од гласачката кутија едно по едно и ќе му ги предава на претседателот на избирачкиот одбор.

Гласачкото ливче се покажува на сите членови на избирачкиот одбор, на присутните претставници на подносителите на листите и на набљудувачите.

Избирачкиот одбор прогласува дали гласачкото ливче е важечко или не и за кој кандидат е гласано.

Дадениот глас се регистрира, а гласачкото ливче се става на соодветно место и се пристапува кон вадење ново ливче од гласачката кутија.

Член 82

Резултатите од гласањето на гласачкото место за листите на кандидати се утврдуваат на тој начин што:

- се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња, од секое ливче се откинува дел и се става во посебен плик кој се затвора, запечатува и врз него се запишува бројот на избирачкото место и вкупниот број на ливчињата;
- се утврдува вкупниот број избирачи кои гласале запишани во изводот од Единствениот избирачки список.

По завршувањето на дејствијата од ставот 1 на овој член, се отвора гласачката кутија за листите на кандидати и се пристапува кон пребројување на гласовите.

Избирачкиот одбор со ждрепка определува еден член кој ќе ги вади и отвора гласачките ливчиња едно по едно од гласачката кутија и ќе му ги предава на претседателот на избирачкиот одбор.

Гласачкото ливче се покажува на сите членови на избирачкиот одбор, на присутните претставници на подносителите на листите и на набљудувачите.

Избирачкиот одбор прогласува дали гласачкото ливче е важечко или не и за која листа е гласано.

Дадениот глас се регистрира, а гласачкото ливче се става на соодветно место и се пристапува кон вадење ново ливче од гласачката кутија.

Член 83

Гласачкото ливче е важечко доколку е заокружено на начин предвиден во членот 77 ставови 1 и 2 од овој закон и е со соодветен сериски број.

За важечко гласачко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за кој кандидат, односно листа на кандидати избирачот гласал.

Гласачкото ливче е неважечко доколку не е пополнето, има заокружено повеќе листи на кандидат, односно листи на кандидати и она гласачко ливче кое нема соодветен сериски број.

Член 84

Избирачкиот одбор составува два посебни записника за својата работа.

Во записникот за гласањето за избор на пратеник во изборната единица се внесуваат податоци за резултатите од гласањето, и тоа: редниот број на избирачкото место, времето на започнувањето и на заклучувањето на гласањето, вкупниот број на избирачи во избирачкото место според изводот од Единствениот избирачки список, вкупниот број на избирачи кои гласале, вкупниот број на гласачки ливчиња ставени во гласачката кутија, бројот на ливчињата кои се земени од избирачите и кои не се ставени во гласачката кутија, колку гласачки ливчиња се неважечки и колку гласови добиле кандидатите поединечно.

Во записникот за гласањето за листи на кандидати се внесуваат податоци за резултатите од гласањето, и тоа: редниот број на избирачкото место, времето на започнувањето и на заклучувањето на гласањето, вкупниот број на избирачи во избирачкото место според изводот од Единствениот избирачки список, вкупниот број на избирачи кои гласале, вкупниот број на гласачки ливчиња ставени во гласачката кутија, бројот на ливчињата кои се земени од избирачите и кои не се ставени во гласачката кутија, колку гласачки ливчиња се неважечки и колку гласови добила секоја листа на кандидати одделно.

Член 85

Во записникот се внесуваат и евентуалните забелешки дадени од членовите на избирачкиот одбор.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор.

Записникот е важечки ако е потпишан од мнозинството членови на избирачкиот одбор.

Претседателот на избирачкиот одбор треба да ги наведе причините за непотпишување на записникот од член на одборот.

Доколку претставниците на подносителите на листите имаат забелешки имаат право истите да бидат евидентирани во записникот и само така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оцена во жалбената постапка.

Член 86

Записниците и другиот изборен материјал, избирачкиот одбор ги доставува до изборната комисија во рок од пет часа по завршувањето на гласањето.

Примерок од записниците добива секој претставник на подносителот на листата.

Избирачкиот одбор веднаш по завршувањето на дејствијата од ставовите 1 и 2 на овој член ги објавува првичните резултати од извршеното гласање на гласачкото место.

Изборниот материјал до изборната комисија го доставува претседателот на избирачкиот одбор во придружба на заинтересирани членови на избирачкиот одбор или претставници на подносителите на листите.

За предавањето на материјалот од ставот 1 на овој член, се составува посебен записник.

6. Утврдување на резултатите од изборите за пратеник во изборната единица

Член 87

Резултатите од изборите за пратеник во изборната единица ги утврдува изборната комисија.

Изборната комисија резултатите од изборите за избор на пратеник во изборната единица ги утврдува откако ќе ги добие записниците од избирачките одбори и целокупниот изборен материјал.

Утврдувањето на резултатите се врши на тој начин што се утврдува вкупниот број на избирачи во изборната единица запишани во изводот од Единствениот избирачки список, вкупниот број на избирачи кои гласале, бројот на неважечки гласачки ливчиња и се утврдува колку гласови добил секој кандидат.

Член 88

За избран пратеник се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале во изборната единица, под услов бројот на гласовите што ги добил да не е помал од 1/3 од вкупниот број избирачи запишани во изводот од Единствениот избирачки список за таа изборна единица.

Ако потребниот број гласови утврден во ставот 1 на овој член не го добил ниту еден кандидат, тогаш во таа изборна единица се спроведува втор круг на гласање после 14 дена од денот на првото гласање.

Во вториот круг на гласање учествуваат првите двајца кандидати кои добиле најмногу гласови од избирачите во првиот круг на гласање.

Кандидатите од став 4 на овој член не можат да го откажат своето учество во вториот круг.

За избран пратеник во вториот круг на гласање се смета кандидатот кој добил најголем број гласови од избирачите кои гласале во вториот круг.

Доколку во вториот круг двата кандидати добиле еднаков број гласови, мандатот се доделува со ждрепка.

Член 89

Изборната комисија по утврдувањето на резултатите од изборите за избор на пратеник во изборната единица, ги пресметува (сумира) резултатите од гласањето за листи на кандидати во изборната единица.

Член 90

Изборната комисија составува два посебни записника за својата работа.

Во записникот за утврдување на резултатите од изборот на пратеник во изборната единица се внесуваат податоци за бројот на изборната единица, вкупниот број на избирачите во изборната единица запишани во изводот од Единствениот избирачки список, вкупниот број на избирачи кои гласале, бројот на неважечки гласачки ливчиња за кандидатите на изборната единица, име и презиме на секој кандидат со назначување, колку гласови добил секој од нив и име и презиме на избраниот кандидат.

Во записникот за гласањето за листи на кандидати се внесуваат податоци за резултатите од гласањето, и тоа редниот број на изборната единица, вкупниот број на избирачи во изборната единица запишани во изводите од Единствениот избирачки список, вкупниот број на избирачи кои гласале, бројот на неважечки гласачки ливчиња за листите на кандидати и вкупниот број на гласови што ги добила секоја листа на кандидати.

Член 91

Во записникот се внесуваат и евентуалните забелешки дадени од членовите на изборната комисија.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на изборната комисија.

Записникот е важечки ако е потпишан од мнозинството членови на изборната комисија.

Претседателот на изборната комисија треба да ги наведе причините за непотпишување на записникот од член на комисијата.

Доколку претставниците на подносителите на листите имаат забелешки, имаат право истите да бидат евидентирани во записникот и само така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оцена во жалбената постапка .

Примерок од записникот добива и секој претставник на подносителот на листа.

Член 92

Изборната комисија записниците за својата работа и целокупниот изборен материјал во рок од 24 часа ги доставува до Државната изборна комисија.

По рокот утврден во ставот 1 на овој член, изборната комисија ги објавува првичните резултати од изборите за избор на пратеник во изборната единица.

7. Утврдување на резултатите од гласањето за листи на кандидати

Член 93

Резултатите од гласањето за листа на кандидати ги утврдува Државната изборна комисија.

Државната изборна комисија резултатите од гласањето за листи на кандидати ги утврдува откако ќе ги добие записниците од изборните комисии и целокупниот изборен материјал.

Државната изборна комисија резултатите ги утврдува според бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати поодделно.

Во утврдувањето на резултатите од изборите се применува Д'Хондт формулата.

Во постапката за распределба на пратеничките места се земаат предвид листите на кандидати кои освоиле најмалку 5% од вкупниот број добиени гласови од избирачите кои гласале.

По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за секоја листа на кандидати (таканаречена избирачка маса) секоја поодделно се дели со низот делители 1, 2, 3, 4 итн., сé додека не се распределат според определениот принцип сите 35 пратенички места.

Количниците од делењето од ставот 6 на овој член се редат по големина при што се релевантни онолку најголеми количници колку што се избираат пратеници.

Листата на кандидати добива толкав број пратенички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците од ставот 7 на овој член.

Ако во доделувањето на последното пратеничко место се јават два идентични количника, мандатот се доделува со ждрепка.

При распределбата на пратеничките места за избрани се сметаат толку кандидати колку што места добила листата.

Од листата на кандидати се избрани кандидатите наведени во листата според утврдениот редослед.

Член 94

Државната изборна комисија за утврдување на резултатите од гласањето за листите на кандидати составува записник.

Во записникот се внесуваат податоци за резултатите од гласањето, и тоа: вкупниот број на изборни единици и избирачки места, вкупниот број на избирачи запишани во Единствениот избирачки список, вкупниот број на избирачи кои гласале, бројот на неважечки гласачки ливчиња, вкупниот број на гласови што ги добила секоја листа на кандидати поодделно, бројот на добиени пратенички места од секоја листа на кандидати и име и презиме на избраните кандидати.

Член 95

Државната изборна комисија ги објавува првичните резултати од изборите за пратеници според пропорционалниот принцип во рок од 48 часа по добивањето на бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати поединечно.

Член 96

Изборите се сметаат за завршени по конечноста на резултатите за избор на сите 120 пратеници.

На избраниот пратеник Државната изборна комисија му издава уверение за изборот.

VII. ПОНИШТУВАЊЕ И ПОВТОРУВАЊЕ НА ГЛАСАЊЕТО

Член 97

Изборната комисија со решение ќе го поништи гласањето на гласачкото место за избор на пратеник, односно листа на кандидат во изборната единица, ако:

- се утврди дека во гласачката кутија има поголем број гласачки ливчиња;
- е нарушена тајноста на гласањето;
- неоправдано присуствувала полиција на гласачкото место;
- гласањето било прекинато подолго од три часа.

Државната изборна комисија со решение ќе го поништи гласањето на гласачкото место за листи на кандидати во случаите од ставот 1 алинеја 1 на овој член.

Гласањето нема да се поништи во случаите од ставот 1 алинеја 1 на овој член и покрај тоа што бројот на гласачките ливчиња во гласачките кутии е поголем од бројот на избирачите кои гласале, доколку тој број не влијае на резултатите од гласањето.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член може да се поднесе жалба до надлежниот суд во рок од 48 часа.

Надлежниот суд е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 48 часа по приемот на жалбата.

Комисијата од ставовите 1 и 2 на овој член, гласањето на гласачкото место ќе го повторат после 14 дена од денот на гласањето.

VIII. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТОТ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ

Член 98

На пратеникот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран:

- ако поднесе оставка;
- кога е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години;
- ако настапи случај на неспојливост со функцијата пратеник;
- во случај на смрт;
- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност;
- ако му престане членството во партијата, а е избран од листата на кандидати.

Ако пратеникот поднесе оставка, Собранието на првата наредна седница констатира дека на пратеникот му престанува мандатот од денот на одржувањето на таа седница.

Мандатот на пратеникот му престанува со денот на исполнувањето на условите од ставот 1 алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член, што Собранието го констатира на првата наредна седница.

Член 99

Ако на пратеникот кој е избран во изборната единица му престане мандатот по еден од основите утврдени во членот 98 од овој закон, се распишуваат дополнителни избори.

Дополнителните избори ги распишува претседателот на Собранието најдоцна 15 дена од денот на престанокот на мандатот на пратеникот.

Дополнителните избори не можат да се распишат шест месеци пред истекот на мандатниот период на Собранието.

Член 100

Дополнителни избори се распишуваат и кога на пратеник ќе му биде одземен мандатот.

Пратеникот на кого му е одземен мандатот не може повторно да се кандидира на дополнителните избори како кандидат.

Член 101

Ако на пратеник кој е избран од листата на кандидати му престане мандатот по еден од основите утврдени во членот 98 на овој закон, тогаш за остатокот од мандатот пратеник на Собранието станува наредниот кандидат од листата.

Изборната комисија го известува наредниот кандидат од листата во случаите од ставот 1 на овој член, во рок од три дена од престанокот на мандатот на пратеникот.

Ако наредниот кандидат од листата од ставот 1 на овој член не ја извести изборната комисија во рок од осум дена за прифаќањето на мандатот, тоа право се пренесува на наредниот кандидат на листата.

IX. СРЕДСТВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Член 102

Средствата за спроведување на изборите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.

Од средствата наменети за изборите, две третини служат за покривање на трошоците сврзани со изборните дејствија на органите за спроведување на изборите.

Една третина од средствата за спроведување на изборите служи за покривање на дел од трошоците кои ги направиле организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за пратеници.

X. ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

Член 103

Постапката за заштита на избирачкото право е итна.

Поднесоците (приговорите и жалбите) за заштита на избирачкото право се доставуваат непосредно до надлежните изборни органи.

Второстепените одлуки на надлежните органи се конечни и против нив не се дозволени правни средства.

Член 104

Секој подносител на листа на кандидат и секој кандидат има право да поднесе приговор до изборната комисија заради неправилности во постапката за избор.

Приговорот од ставот 1 на овој член се поднесува во рок од 48 часа од констатирањето на неправилностите, односно по завршувањето на гласањето.

Изборната комисија е должна во рок од 48 часа од приемот на приговорот да донесе решение.

Против решението на изборната комисија може да се поднесе жалба до апелациониот суд чија месна надлежност е за подрачјето на изборната единица во рок од 48 часа.

Жалбата се поднесува преку надлежната изборна комисија.

Апелациониот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на жалбата.

Член 105

Секој подносител на листа на кандидати во постапката за гласање и утврдувањето на резултатите од гласањето има право да поднесе приговор до Државната изборна комисија.

Приговорот од ставот 1 на овој член се поднесува во рок од 48 часа по констатирањето на неправилностите.

Против решението на Државната изборна комисија може да се поднесе жалба до Врховниот суд во рок од 48 часа од приемот на решението.

Жалбата се поднесува преку Државната изборна комисија.

Врховниот суд на Република Македонија е должен да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на жалбата.

Врховниот суд на Република Македонија по жалбите решава во совет од петмина судии, избрани по пат на ждрепка.

Член 106

Секој избирач ако констатира неправилности во постапката за избор може да поднесе приговор до изборната комисија во рок од 48 часа.

Изборната комисија е должна во рок од 48 часа од приемот на приговорот да донесе решение.

Против решението на изборната комисија може да се поднесе жалба во рок од 48 часа до апелациониот суд чија месна надлежност е за подрачјето на изборната единица.

Жалбата се поднесува преку надлежната изборна комисија.

Апелациониот суд е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 48 часа.

XI. НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Член 107

Изборите и изборната постанка можат да ги набљудуваат претставници на меѓународни асоцијации и организации.

Изборите и изборната постапка можат да ги набљудуваат и претставници на регистрирани организации и здруженија за заштита на човековите права и слободи во Република Македонија.

Субјектите од ставовите 1 и 2 на овој член треба најдоцна 15 дена пред одржувањето на изборите да го најават набљудувањето кај Државната изборна комисија.

Државната изборна комисија на претставниците од ставовите 1 и 2 на овој член им обезбедува полномошно.

Претставниците на кои им е издадено полномошно имаат право да ги следат сите активности што се извршуваат за време на изборната кампања и на денот на изборите.

Претставниците од ставовите 1 и 2 на овој член се должни да бидат непристрасни, објективни и неутрални во однос на изборниот процес.

XII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 108

За спречување на изборите и гласањето, за повреда и злоупотреба на избирачкото право, како и за повреда на слободата на определувањето на избирачите, за поткуп при изборите и гласањето, за уништување на изборните исправи и за извршена изборна измама, сторителот ќе се казни според одредбите на Кривичниот законик.

Член 109

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок лице од членот 7 на овој закон, кое учествува во изборната кампања со својата униформа.

Член 110

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок политичка партија која не се придржува до рокот од членот 43 на овој закон.

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и кандидат или друго физичко лице за дејствијата од став 1 на овој член.

Член 111

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое попречува и оневозможува изборна кампања (член 45).

Член 112

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни јавно гласило:

- кое нема да обезбеди рамноправно претставување на кандидатите за пратеници, политичките партии, групата избирачи и на нивните програми од членот 46 став 1 на овој закон;
- кое нема да ги прифати и објави навремено правилата од членот 46 став 2 на овој закон;
- кое ќе го објави истражувањето на јавното мислење во период од пет дена пред денот на гласањето од членот 47 став 2 на овој закон;
- ако го објави изборното пропагандно известување без наведување дека се работи за платен оглас од членот 48 на овој закон.

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок и одговорниот уредник за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Член 113

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок:

- одговорниот уредник на јавното гласило кој ќе го објави истражувањето на јавното мислење за кандидатите без да ги наведе податоците од членот 47 став 1;
- одговорниот уредник на јавното гласило кој ќе го објави истражувањето на јавното мислење во период од пет дена пред денот на гласањето од членот 47 став 2;
- одговорниот уредник на јавното гласило ако го објави изборното пропагандно известување без објавување на нарачувачот (член 47 став 1 од овој закон).

Член 114

Со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице на општина, односно Градот Скопје ако не утврди места за лепење на плакати без надоместок и не изврши нивно обележување за секој подносител на листи поодделно (член 50).

Член 115

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое врши уништување на изборни плакати или лепење плаката преку друга плаката на организатор на изборна кампања на места определени за нивно истакнување (член 51).

Член 116

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок политичка партија која:

- нема да го пријави изборниот собир најдоцна 48 часа пред неговото одржување;
- го организира собирот спротивно на членовите 53 и 54 од овој закон.

Член 117

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице на надлежниот државен орган, верска заедница или јавна институција која на организаторот на изборната кампања ќе му

дозволи организирање на предизборни собири спротивно на членот 54 од овој закон.

Член 118

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок политичка партија која нема да поднесе извештај за финансирање на изборната кампања од членот 56 на овој закон, односно нема да ги собере сите средства за финансирање на изборната кампања на неговата сметка според членот 55 од овој закон.

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок политичка партија доколку во изборната кампања потроши повеќе финансиски средства отколку што е утврдено во членот 58 од овој закон.

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни и одговорното лице на политичката партија за дејствијата од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 119

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок лицето од член 73 став 1 на овој закон ако во времето и местото на гласањето носи ознака или симбол на политичка партија или кандидат.

XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 120

На првите наредни избори кандидатите за членови на Државната изборна комисија и нивни заменици од членот 13 став 3 на овој закон ги предлагаат политичките партии во опозиција кои во првиот круг на изборите за пратеници во Собранието одржани во 1994 година добиле најмногу гласови според извештајот на Државната изборна комисија за утврдување на резултатите усвоен од Собранието.

На првите наредни избори кандидатите за членови на органите за спроведување на изборите од членот 16 став 3 и членот 20 став 2 на овој закон ќе ги предлагаат политичките партии во опозиција кои на изборите за пратеници во Собранието одржани во 1994 година во првиот круг добиле најмногу гласови според извештајот на Државната изборна комисија за утврдување на резултатите усвоен од Собранието.

Член 121

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за избор на пратеници ("Службен весник на СРМ" број 28/90).

Член 122

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

686.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕФЕРЕНДУМ И ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА

Се прогласува Законот за референдум и граѓанска иницијатива,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 1998 година.

Број 07-2022/1
19 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

З А К О Н
ЗА РЕФЕРЕНДУМ И ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат прашањата за кои се распишува референдум, начинот на распишување и спроведување на референдумот како и начинот на остварување на граѓанската иницијатива.

Член 2

Референдум распишува Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието).

Член 3

Референдум задолжително се распишува за усвојување на одлука на Собранието за менување на границата на Републиката и на одлука за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави.

Член 4

Референдум може да се распише за донесување на закони, за потреба од ратификација на меѓународни договори и за други прашања од надлежност на Собранието (претходен).

Член 5

Референдум може да се распише за преоценување на закони и одлуки донесени од Собранието од страна на избирачите или за изјаснување на избирачите за други прашања за кои одлучило Собранието (дополнителен).

Член 6

За прашањата од пошироко значење за граѓаните и Републиката претходно може да се распише советодавен референдум.

Одлуката донесена на советодавниот референдум не го обврзува Собранието.

Член 7

Референдум не може да се распише за прашања што се однесуваат на Републичкиот буџет и завршната сметка на Буџетот, за јавните давачки, за резервите на Републиката, за прашања на изборите, именувањата и разрешувањата и за амнестија.

Референдум не може да се распише и за прашања што се однесуваат на одбраната, воената и вонредната состојба и за уредбите со законска сила донесени за време на воена или вонредна состојба.

Член 8

Референдум може да се распише и во единиците на локалната самоуправа за прашања од локално значење и од надлежност на единиците на локалната самоуправа.

Референдумот од став 1 на овој член, се уредува со статутот на единицата на локалната самоуправа.

Член 9

Граѓанска иницијатива се покренува за поднесување на предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, за предлагање, за донесување

закон и за донесување на одлуки и решавање на други прашања од надлежност на Собранието.

Граѓанска иницијатива може да се покрене и за распишување на референдум, за изјаснување на граѓаните за одделни прашања од надлежност на Собранието.

Член 10

Иницијатива за собирање потписи на избирачи за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, за предлагање за донесување закон и за донесување на одлуки и решавање на други прашања од надлежност на Собранието, може да покренат граѓаните, регистрираните политички партии или здруженијата на граѓани.

Член 11

За дејствијата, актите, поднесоците и другите списи во врска со спроведувањето на референдум не се плаќа такса и сите дејствија во постапката се ослободуваат од плаќање на сите видови данок.

II. РЕФЕРЕНДУМ

1. Референдум за усвојување на одлуки за менување на границата на Републиката и за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави

Член 12

Со донесување на одлука за менување на границата на Републиката и на одлука за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави, Собранието распишува референдум за усвојување на одлуката.

Член 13

Одлуката за менување на границата на Републиката и одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави се усвоени на референдум ако на референдумот за нив гласало мнозинството од вкупниот број на избирачи запишани во Единствениот избирачки список.

Член 14

Одлуката за менување на границата на Републиката и одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави усвоена на референдум е задолжителна

2. Законодавен референдум

Член 15

Законодавен референдум може да се распише за прашања што треба да се уредат со закон (претходен референдум) или за преоценување на закон што претходно е донесен (дополнителен референдум).

Член 16

Претходен законодавен референдум може да се распише за:

– определено прашање кое треба да се уреди со закон;

– предложениот закон со кој се уредува определено прашање на начин како што е предложено и

– со предложениот закон да се уреди определено прашање кое со закон не е уредено.

Член 17

Предлог за распишување на законодавен референдум можат да поднесат Владата на Република Македонија, секој пратеник или најмалку 10.000 избирачи.

Предлогот од ставот 1 на овој член од името на избирачите го поднесува овластениот претставник. Кон предлогот мора да бидат приложени потписите на избирачите.

Постапката за собирање на потписи на избирачите за распишување на законодавен референдум се спроведува на начин утврден со закон.

Член 18

Прашањето за кое се предлага распишување на законодавен референдум, треба да биде формулирано прецизно и недвосмислено.

Член 19

Предлогот за распишување на законодавен референдум се поднесува до Собранието.

Предлогот за распишување на законодавен референдум треба да биде образложен.

По приемот на предлогот од ставот 1 на овој член доколку се оцени дека наведеното прашање што е предмет на референдумот не е јасно и предлогот не е образложен ќе се повика предлагачот јасно да го определи прашањето или да го дополни предлогот со образложение.

Член 20

Собранието е должно да одлучува во рок од 30 дена од поднесувањето на предлогот за распишување на законодавен референдум.

Одлуката за распишување на законодавен референдум се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 21

Собранието може да го одбие предлогот за распишување на законодавен референдум, ако предлагачот не постапи по барање од членот 19 став 3 на овој закон.

Собранието ќе го одбие предлогот за распишување на законодавен референдум ако оцени дека содржината на предлогот не е во согласност со Уставот на Република Македонија и со овој закон

Член 22

Собранието е должно да распише законодавен референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи, за прашања од надлежност на Собранието согласно со одредбите од овој закон.

Член 23

Одлуката за законодавен референдум е усвоена ако за неа гласало мнозинството од избирачите што гласале, доколку гласале повеќето од половината од вкупниот број на избирачи запишани во Единствениот избирачки список.

Одлуката донесена на законодавен референдум е задолжителна.

Член 24

Собранието е должно да донесе закон ако на законодавен (претходен) референдум избирачите се изјасниле за донесување на закон.

Собранието не може да донесе закон ако на законодавен (претходен) референдум избирачите се изјасниле против донесување на закон или против начинот на уредување на определено прашање, што би бил во спротивност со резултатите од референдумот, ниту пак да го повтори референдумот по истото прашање пред истекот за период од една година од одржувањето на референдумот.

Член 25

Собранието е должно во рок од 60 дена по спроведениот законодавен (дополнителен) референдум да го уреди прашањето, односно законот по кој е одлучувано на референдумот во согласност со резултатите од референдумот.

3. Референдум за потреба од ратификација на меѓународни договори

Член 26

Референдум може да се распише за потреба од ратификација на меѓународни договори.

Одредбите од овој закон што се однесуваат на законодавен референдум, соодветно се применуваат на референдумот за ратификација на меѓународни договори.

4. Референдум за други прашања од надлежност на Собранието

Член 27

Референдум може да се распише и за други прашања од надлежност на Собранието.

Одредбите од овој закон што се однесуваат на законодавен референдум соодветно се применуваат на референдумот за други прашања од надлежност на Собранието.

III. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ

1. Распишување на референдум

Член 28

Референдумот го распишува Собранието со одлука.

Референдумот се распишува за целата територија на Република Македонија.

Член 29

Со одлуката за распишување на референдум се утврдува: видот на референдумот, одлуката за која ќе се изјаснува, текстот на прашањето што се става на референдумот, денот на распишување на референдумот и денот на неговото одржување.

Член 30

Одлуката за распишување на референдум се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум до денот на одржувањето на референдумот не можат да поминат помалку од 60 ниту повеќе од 90 дена.

Член 31

За ден на одржување на референдум се определува недела или друг неработен ден.

Во ист ден можат да се одржат два или повеќе референдуми.

Член 32

Одлуката за распишување на референдум се објавува и во јавните гласила најдоцна 15 дена пред денот на одржувањето на референдумот.

Во јавните гласила се објавува и текстот на одлуката по која ќе се изјаснува на референдумот.

Член 33

Граѓаните за одржување на референдумот се известуваат преку јавен повик и истакнување плакати на видни места.

2. Органи за спроведување на референдумот

Член 34

Референдумот го спроведуваат:

– Државната изборна комисија;

– изборните комисии на изборните единици (во натамошниот текст: изборни комисии) и

– избирачките одбори.

Член 35

Државната изборна комисија при спроведувањето на референдумот:

– се грижи за законитост во подготовката и спроведувањето на референдумот;

– ја усогласува работата и им дава упатство на изборните комисии;

– ги пропишува обрасците за спроведување на овој закон;

– ги утврдува единствените стандарди за условите за спроведување на референдумот;

– го утврдува и објавува резултатот од референдумот и

– врши и други работи.

Член 36

Изборната комисија при спроведувањето на референдумот:

– го именува составот на избирачките одбори и дава упатство за нивната работа;

– се грижи за законито спроведување на референдумот;

– ги утврдува резултатите од изборната единица и

– врши и други работи.

Член 37

Избирачкиот одбор е составен од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Член 38

Избирачкиот одбор непосредно раководи со гласањето на гласачките места, обезбедува правилност и тајност на гласањето, обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето, го утврдува резултатот од гласањето на гласачките места и врши други работи.

3. Право на гласање на референдумот

Член 39

Право на глас на референдумот има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот и е деловно способен.

Член 40

Граѓаните кои на денот на референдумот не се во местото на своето живеалиште поради отслужување на военниот рок или се на воена вежба, гласаат во воената единица.

За избирачите од ставот 1 на овој член, референдумот го спроведува избирачкиот одбор од најблиското избирачко место.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член се однесуваат и за лицата кои се наоѓаат во притвор или на издржување казна затвор.

Избирачите кои се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, гласаат на гласачките места во местото во кое било нивното последно живеалиште.

4. Спроведување на гласањето

Член 41

Референдумот се спроведува на гласачки места утврдени со закон.

За спроведувањето и начинот на гласањето на референдумот се применуваат одредбите од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 42

Јавната пропаганда за референдумот мора да заврши најдоцна 48 часа пред денот на гласањето.

Член 43

Референдумот се спроведува од 7,00 до 19,00 часот.

Гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во изводот на Единствениот избирачки список, може да се затвори и пред истекот на времето определено за гласање.

Член 44

Ѝа гласачкото место се истакнува одлуката за распишување на референдум и текстот на прашањето што се става на референдум.

Член 45

На референдум се гласа со гласачко ливче.

Гласачките ливчиња за референдумот се печатат во иста големина и боја и од ист состав на хартија.

Член 46

Гласачкото ливче го содржи прашањето што се става на референдум и упатство за начинот на гласањето.

Ако се гласа за повеќе прашања, за секое прашање се гласа на посебно гласачко ливче.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со „ЗА" или „ПРОТИВ".

Член 47

Граѓанинот на референдумот се изјаснува, така што на гласачкото ливче го заокружува зборот „ЗА" или „ПРОТИВ".

5. Начин на гласање на референдум

Член 48

Гласањето на референдумот е тајно.

Граѓанинот не може да биде повикан на одговорност за гласање на референдум.

Член 49

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

Граѓанинот кој е неписмен или поради физички недостатоци не може да гласа на начин утврден со овој закон или друг закон, има право со себе да доведе лице кое ќе му помогне при гласањето.

На граѓанинот кој е неписмен во гласањето ќе му укаже помош избирачкиот одбор.

6. Утврдување на резултатите од гласањето на референдум

Член 50

Избирачкиот одбор по завршувањето на гласањето, без прекин во броењето го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место.

Член 51

Избирачкиот одбор за својата работа составува записници.

Формата и содржината на записниците ги пропишува Државната изборна комисија.

Член 52

Записникот за резултатот од гласањето на гласачкото место и другиот материјал за спроведување на референдумот, избирачкиот одбор го доставува до изборната комисија во рок од 5 часа по завршувањето на гласањето.

Член 53

Изборната комисија го утврдува резултатот од гласањето на референдумот во изборната единица.

Член 54

Изборната комисија за својата работа составува записник.

Формата и содржината на записникот го пропишува Државната изборна Комисија.

Член 55

Записникот за резултатот од гласањето на референдумот во изборната единица и другиот материјал за спроведување на референдумот изборната комисија го доставува до Државната изборна комисија во рок од 24 часа.

Член 56

Државната изборна комисија го утврдува и го објавува резултатот од референдумот во рок од 48 часа по добивањето на резултатите од гласањето на референдумот.

Член 57

Извештајот за резултатите од референдумот содржи податоци за:

– бројот на избирачите запишани во Единствениот избирачки список;
– бројот на избирачите кои гласале;
– неважечки гласачки ливчиња;
– важечки гласачки ливчиња;
– избирачите кои гласале „ЗА" и
– избирачите кои гласале „ПРОТИВ".

Член 58

Државната изборна комисија резултатот од референдумот го објавува во „Службен весник на Република Македонија", во рок од 15 дена од денот на одржувањето на референдумот.

Извештајот за резултатот од референдумот, Државната изборна комисија го доставува до Собранието на Република Македонија.

Член 59

Средствата за спроведување на референдумот се обезбедуваат од буџетот на Република Македонија.

IV. ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ГЛАСАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ

Член 60

Секој граѓанин има право да поднесе приговор до изборната комисија, поради неправилностите во постапката за гласање на гласачките места и за работата на избирачкиот одбор во рок од 72 часа од денот на одржувањето на референдумот.

Изборната комисија е должна во рок од 24 часа од приемот на приговорот да донесе решение.

Против решението на изборната комисија може да се поднесе жалба до апелациониот суд чија месна надлежност е за подрачјето на изборната единица.

Апелациониот суд е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 48 часа.

Член 61

Секој граѓанин има право поради неправилности во работата на изборните комисии во рок од 72 часа од денот на одржувањето на референдумот да поднесе приговор до Државната изборна комисија.

Државната изборна комисија е должна во рок од 48 часа од приемот на приговорот да донесе решение.

Против решението на Државната изборна комисија може да се поднесе жалбата до Врховниот суд на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 48 часа.

V. ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА

Член 62

Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија можат да поднесат 150.000 граѓани со избирачко право.

Во предлогот мора да биде наведено во што и како да се измени Уставот, како и причините за измената.

Кон предлогот мора да бидат приложени 150.000 потписи на граѓани со избирачко право.

Член 63

Предлог за донесување на закон можат да поднесат најмалку 10.000 избирачи.

Предлогот за донесување на закон мора да биде изготвен во согласност со Деловникот на Собранието.

Кон предлогот мора да бидат приложени најмалку 10.000 потписи од избирачи.

Член 64

Граѓанска иницијатива за распишување на референдум можат да покренат и 150.000 избирачи за одделни прашања од надлежност на Собранието.

Член 65

Граѓанска иницијатива се покренува и за донесување на одлуки и решавање на други прашања што се во надлежност на Собранието.

За предлогот од ставот 1 на овој член, Собранието е должно да расправа во рок од 60 дена од денот на поднесувањето, доколку предлогот го поддржат најмалку 10.000 избирачи.

Член 66

Иницијатива за собирање потписи за предлагање, за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, предлагање за донесување на закон, како и донесување на одлуки и за решавање на други прашања од надлежност на Собранието, можат да покренат 100 избирачи, регистрирана политичка партија или здружение на граѓани.

За иницијативата се известува претседателот на Собранието.

Рокот за собирање на потписи за поднесување на предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија е шест месеци од денот на започнувањето со собирање на потписи.

Рокот за собирање на потписи за предлагање за донесување на закон и за донесување на одлуки и решавање на други прашања што се во надлежност на Собранието е три месеци од денот на започнувањето со собирање на потписи.

Член 67

Избирачот својата поддршка кон предлогот ќе ја даде на начин утврден со закон.

Член 68

Иницијатива за пристапување кон измена на Уставот и за донесување на закон може да даде секој граѓанин, институции и здруженија до овластените предлагачи.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 69

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за републички референдум („Службен весник на СРМ" број 29/73 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91).

Член 70

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

687.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Се прогласува Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 мај 1998 година.

Број 07-2041/1
21 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски,с.р.

З А К О Н
ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се основа и се уредува работењето и организацијата на Македонската банка за поддршка на развојот (во натамошниот текст: Банка).

Член 2

Основна задача на Банката е поддршка на развојот што ја извршува преку следниве сектори:

– финансирање на инвестиции на мали и средни претпријатија;
– поддршка на извозот и
– спроведување на заеми и донации од странство.

Член 3

Банката работи според одредбите на Законот за банки и штедилници доколку со овој закон поинаку не е уредено.

2. ОСНОВАЊЕ

Член 4

Банката се основа како акционерско друштво.

Покрај Република Македонија, основачи на Банката можат да бидат и Стопанската комора на Македонија, како и други домашни и странски правни лица.

Основачкиот капитал при основањето на Банката изнесува денарска противвредност на 30 милиони германски марки, сметано според средниот курс на Народната банка на Македонија на денот на уплатата.

Учеството на Република Македонија во основачкиот капитал не може да биде помало од 51%. Основачкиот капитал што го уплатува Република Македонија, при основањето на Банката, се обезбедува од средствата добиени од приватизацијата на „Македонските телекомуникации".

Вкупното учество на странските правни лица во основачкиот капитал, не може да биде поголемо од 30%.

Член 5

Банката стекнува својство на правно лице со уписот во трговскиот регистар.

Кон пријавата за упис во трговскиот регистар се поднесува:

– основачкиот акт;
– статут на Банката и
– доказ дека е уплатен основачкиот капитал од членот 4 став 3 на овој закон.

3. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ

Член 6

Предмет на работењето на Банката е:
– кредитирање на отпочнување со работа и развој на мали и средни претпријатија со обезбедување среднорочни и долгорочни кредити;
– финансирање на извозот со кредити одобрени за идентификувани приливи од извоз;
– издавање на гаранции за кредити одобрени за идентификувани приливи од извоз и
– осигурување и реосигурување на идентификувани приливи од извоз од комерцијални и некомерцијални ризици.

Работите од ставот 1 алинеи 1,2 и 3 на овој член Банката ги врши преку комерцијални банки.

За вршење на работите од ставот 1 на овој член, Банката може од свое име и за своја сметка, врз основа на одлука на Управниот одбор, да склучува кредитни работи со домашни и странски институции и да издава хартии од вредност во согласност со закон.

Банката нема да одобрува кредити или да издава гаранции на државата, на јавните претпријатија и на институциите што се финансираат од буџет.

Банката ќе ги извршува активностите предвидени во овој член единствено со претпријатија кои навремено ги намируваат своите пристигнати обврски кон банките.

Начинот на вршење на работите од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член поблиску се уредува со статутот на Банката.

Член 7

При одобрувањето на проектите Банката ќе води сметка за обезбедување на заштитата на животната средина, согласно со законите на Република Македонија и долгорочните заложби за исполнување на директивите на Европската унија за заштита на животната средина и природата.

Банката при одобрувањето на кредитите и давањето на гаранции ќе ги има предвид меѓународните принципи за слободна трговија и конкуренција, како и правилата на Светската трговска организација.

Член 8

Банката може да ги врши сите работи од свое име и за своја сметка, доколку тие се во врска со исполнување на работите наведени во членот 6 на овој закон.

Банката не може да прима парични депозити на физички и правни лица, освен депозити што служат како гаранција за осигурување и реосигурување од комерцијални и некомерцијални ризици.

Банката не може да врши платен промет во земјата, како и да тргува со хартии од вредност за други лица.

4. СРЕДСТВА

Член 9

Средства на Банката се:
– уплатениот основачки капитал;
– емисијата на хартиите од вредност, согласно со членот 6 став 3 од овој закон и
– други избори.

Банката е должна во статутот и другите општи акти да ги утврди условите и начинот на одржување и зголемување на реалната вредност на средствата од ставот 1 на овој член и со соодветни инструменти да обезбеди редовна наплата на своите побарувања.

Член 10

Банката работи самостојно според начелата на банкарското работење, а особено:
– ликвидност;
– сигурност и
– рентабилност.

Член 11

Гарантниот капитал на Банката ги опфаќа:
– основачкиот капитал;
– резервите и
– други извори со кои Банката неограничено ги покрива деловните ризици и загубите на Банката.

Во гарантниот капитал не влегуваат резервите за сигурност.

Член 12

За покривање на ризиците од вршењето на работите од членот 6 став 1 алинеја 3 на овој закон, Банката формира резерви на сигурност.

Висината на резервите од ставот 1 на овој член ја утврдува Владата на Република Македонија.

Член 13

Банката од нето добивката распределува дивиденда на акционерите.

При распределбата на дивидендата, Банката првенствено ќе води сметка за одржување и зголемување на резервите на Банката.

Дивидендата што и припаѓа на државата се пренесува во резервите на Банката.

Секој акционер дивидендата што му припаѓа може да ја трансформира во акционерски капитал.

Член 14

За голем кредит во смисла на овој закон и во согласност со Законот за банките и штедилниците се смета поединечен кредит одобрен на еден заемобарател, кој изнесува 10% од гарантниот капитал на Банката.

Вкупниот износ на сите кредити и другите побарувања и гаранции за поединечниот заемопримател не смее да изнесува повеќе од 30% од гарантниот сопствен капитал на Банката.

Вкупниот износ на големите кредити не смее да го надмине трикратниот износ на гарантниот сопствен капитал на Банката.

Член 15

За обврските на Банката за работите од членот 6 став 1 алинеи 1 и 2 и став 3 од истиот член, како и за настанатите обврски спрема доверителите или спрема трети лица, Банката гарантира со гарантниот капитал од членот 11 на овој закон.

Доколку гарантниот капитал и резервите на сигурност на Банката не се доволни таа да може да ги извршува работите според членот 6 став 1 алинеја 1 на овој закон, Република Македонија може во рамките на буџетските средства да ги презема обврските на Банката.

За преземените обврски од ставот 2 на овој член, министерот за финансии и Банката ќе склучат договор со кој поблиску ќе се регулира начинот на враќање на средствата.

6. ОРГАНИЗАЦИЈА НА БАНКАТА

Член 16

Работите од членот 6 став 1 на овој закон, Банката ги врши преку:
– организациона единица за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и
– организациона единица за поддршка на извозот.

Внатрешната организација на Банката поблиску се уредува со статутот на Банката и други општи акти.

7. ОРГАНИ НА БАНКАТА

Член 17

Органи на Банката се: собрание на акционери, управен одбор, директор и други органи утврдени со статутот.

Претставниците на државниот капитал на Република Македонија како основач на Банката во Собранието на акционерите ги именува Владата на Република Македонија.

Член 18

Бројот, составот, надлежностите, правата, должностите и одговорностите на органите на Банката поблиску се уредуваат со Статутот на Банката.

Статутот на Банката и неговите измени и дополнувања ги донесува Собранието на акционерите во согласност со одредбите на Законот за банките и штедилниците.

8. НАДЗОР

Член 19

Народната банка на Република Македонија врши супервизорски надзор на Банката согласно со Законот за банките и штедилниците.

Член 20

За потребите на информирање на акционерите, Банката изготвува годишен извештај (најдоцна до 30 јуни во годината што календарски следи по деловната година) проверен и оценет од овластен економски проценител.

Член 21

Деловната година на Банката одговара на соодветната календарска година.

9. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

688.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија донесе

УКАЗ

ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РОМАНИЈА

Се поставува:

I

Благој Зашов, министер – советник во Амбасадата на Република Македонија во Романија, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Романија, со седиште во Букурешт.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 58
12 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

689.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија донесе

УКАЗ

ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАНАДА

Се поставува:

I

Јордан Веселинов, министер – советник во Амбасадата на Република Македонија во Канада, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Канада, со седиште во Отава.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 59
12 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

690.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија донесе

УКАЗ

ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР – ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ХРАНА И ЗЕМЈОДЕЛСТВО – ФАО

Се поставува:

I

Виктор Габер, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Италија, за вонреден и ополномоштен амбасадор – претставник на Република Македонија во Организацијата на Обединетите Нации за храна и земјоделство – ФАО, со седиште во Рим.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 60
12 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

691.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија донесе

УКАЗ

ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СУВЕРЕНИОТ ВОЕН РЕД НА МАЛТА

Се поставува:

I

Виктор Габер, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Италија, за

вонреден и опполномоштен претставник на Република Македонија во Суверениот воен ред на Малта, со седиште во Рим.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 61
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

693.

Врз основа на член 81 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 29/96) – пречистен текст, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 мај 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1997 ГОДИНА

Се потврдува Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1997 година, што ја донесе Советот на Народната банка на Република Македонија, на седницата одржана на 26 февруари 1998 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-2043/1
20 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

694.

Врз основа на член 81 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 29/96) – пречистен текст, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 мај 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

Се потврдува Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1998 година, што ја донесе Советот на Народната банка на Република Македонија, на седницата одржана на 26 февруари 1998 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-2042/1
20 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

694.

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 20 мај 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЈУБИЛЕЈНИ ГОДИШНИНИ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат критериумите, временските интервали и начинот на одбележувањата на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности за Република Македонија.

Член 2

Значајните настани и истакнати личности чии годишнини се одбележуваат треба:

– да се од исклучително значење за развојот на државноста на Република Македонија и за нејзиниот државно-правен континуитет;

– да се основоположници во одделни дејности во општествено-политичкиот и економскиот живот на Републиката и придонесле за нејзина меѓународна афирмација;

– да се вградени во историскиот развој на земјата и во народната традиција, со што се овозможува создавање на трајно чувство на патриотизам и инспирација на идните генерации;

– да обезбедат јакнење на толеранција, меѓусебно разбирање, дијалог, заемно почитување и доверба меѓу граѓаните од различно етничко и културно потекло;

– да придонесат кон унапредување на начинот и формите на граѓанската рамноправност и сожителство на македонскиот народ и припадниците на националностите во Републиката и

– да обезбедат афирмација, примена и почитување на начелата на хуманизмот и оштоцивилизациските вредности.

Член 3

Годишнините на значајни настани и истакнати личности од посебно значење, согласно со критериумите од членот 2 на оваа одлука, се одбележуваат според следниве временски интервали:

1. За периодот од 1991 година – на 5 години;
2. За периодот од 1901 година – на 10 години;
3. За периодот од XVIII и XIX век – на 25 години и
4. За периодот до крајот на XVII век – на 50 години.

Член 4

Значајните настани и истакнати личности, што ќе се одбележуваат секоја година се утврдуваат со Годишна програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности (во натамошниот текст: Годишна програма).

Со Годишната програма се определуваат носителите и начинот на одбележувањата.

Член 5

Годишната програма ја донесува Собранието на Република Македонија, на предлог на членови на Комисијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности на Собранието и други пратеници.

Годишната програма ја подготвува Комисијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во соработка со државни органи, јавни служби, научни институции, здруженија на граѓани и други заинтересирани субјекти.

Член 6

Во случај кога носител на одбележувањето на значајни настани и истакнати личности според Годишната програма е Собранието на Република Македонија, Собранието формира одбор за одбележување годишнини на настани и личности.

Одборот од ставот 1 го сочинуваат претседател и определен број на членови, кои се избираат од редот на пратениците и од истакнати научни и стручни работници од соодветната област на која се однесува одбележувањето на годишнината.

Претседателот и членовите на одборот ги предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Член 7

Финансиски средства за реализација на обврските што произлегуваат од оваа одлука се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07–2045/1
20 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

695.

Врз основа на член 136 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 мај 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС – БИТОЛА

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Јавната здравствена организација Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола, што го донесе Управниот одбор на Заводот, на седницата одржана на 21 јуни 1994 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-2038/1
20 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

696.

Врз основа на член 42 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 36/95), а во врска со Одлуката за определување на бројот на судиите во основните судови, („Службен весник на Република Македонија", број 6/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 мај 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на
еден судија на Основниот суд во Кичево.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над пет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и во весникот „Нова Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-2020/1
20 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

697.

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 мај 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За судија на Врховниот суд на Република Македонија е избран
Дане Илиев, судија на Апелациониот суд во Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-2044/1
21 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

698.

Врз основа на членовите 2, 3 и 4 од Законот за пригодни ковани пари („Службен весник на РМ" бр. 11/95) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА ПРИГОДНИ КОВАНИ ПАРИ

1. Пригодни ковани пари од злато (во натамошниот текст: златник) се изработуваат по повод 50 годишнината од егзодусот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

2. Златникот од точка 1 на оваа одлука е со финост на златото од 916 промили (22 карати), со тежина од 7 грама и со пречник 23,8 мм.

3. Златникот од точка 1 на оваа одлука е со кружен облик и рамен раб и со следниве основни белези:

а) на предната страна на златникот е мотив од автентична фотографија на настанот;

б) на опачината на златникот е стилизиран заштитен знак на средбата.

4. Емисијата на златникот од точка 1 на оваа одлука е до 2.000 парчиња.

5. За изработка на златникот од точка 1 на оваа одлука се користи монетарното злато од резервите на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1395/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвевковски, с.р.

699.

Врз основа на член 18 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен весник на СРМ" бр. 41/85) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА НАДВОР ОД УПОТРЕБА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Министерството за одбрана на Република Македонија да изврши

отуѓување на материјалните средства кои се надвор од употреба.

2. Отуѓувањето да се изврши со продажба по пат на јавно наддавање.

3. Составен дел на оваа одлука е Предлогот на материјалните средства за отуѓување.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1342/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

ПРЕГЛЕД НА МС НАДВОР ОД УПОТРЕБА
кои се предлагаат за продажба во МО

Ред. број	Назив на материјалното средство	Един. мерка	Количина
1.	Автомобил патнички „ЛАДА – РИВА"	парче	1
2.	Возило теренско „ЛАДА НИВА – 1600"	парче	1
3.	Возило теренско „УАЗ"	парче	2
4.	Возило теренско „ФИАТ 1107"	парче	1
5.	Автомобил патнички „ЗАСТАВА 750"	парче	1
6.	Автомобил товарен „ЗАСТАВА 900АК"	парче	2
7.	Автомобил товарен „ТАМ 2001"	парче	3
8.	Автомобил товарен „ТАМ 75 Т5"	парче	1
9.	Автомобил товарен „ТАМ 110Т 10"	парче	1
10.	Автомобил товарен „ТАМ 5000 Д"	парче	2
11.	Мопед „АПН 6"	парче	1
12.	Приколка „М-84"	парче	1
13.	Трактор „ИМТ-577"	парче	3
14.	Трактор „ИМТ-579"	парче	1
15.	Редосеалка за жито „АЛФА-30"	парче	1
16.	Вилушкар „Балканкар"	парче	1
17.	Утоварувач „РИКО-РН 8А"	парче	1

700.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КРУМ ТОШЕВ" – СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Крум Тошев" – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 26.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-851/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

701.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ВЕРА ЈОЦИЌ" – СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Вера Јоциќ" – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 26.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-855/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

702.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.05.1998 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН С. ПЕТРОВЕЦ" – СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Кочо Рацин" с. Петровец – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 15.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-879/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

703.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ ВО „ТЕТЕКС" АД. – ТЕТОВО

Член 1

Да се изврши продажба на државниот капитал во висина од 5,5% од вкупната вредност на капиталот што претставува износ од 5.495.149 ДЕМ. денарска противредност.

Член 2

Продажбата на државниот капитал да се изврши преку јавен повик за прибирање на понуди.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

Број 23-1392/2
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

704.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата („Службен весник на РМ" бр. 37/96) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ ВО „АГРОПРОИЗВОД" С. ЧЕГРАЊЕ – ГОСТИВАР

Член 1

Да се изврши продажба на државниот капитал во висина од 12,80% од вкупната вредност на капиталот што претставува износ од 12.138 ДЕМ, денарска противвредност.

Член 2

Продажбата на државниот капитал да се изврши преку јавен повик за прибирање на понуди.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1392/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

705.

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90, и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 24 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките ограни во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен весник на СРМ" бр. 41/85 и 51/88), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ БР. 23-142/1 ОД 2.03.1998 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за доделување на користење на недвижност бр. 23-142/1 од 2.03.1998 година, ставот 2 на член 2 се менува и гласи:

„Министерството за култура со Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, да склучи договор за условите и начинот на користење на недвижности".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-142/4
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

706.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8301		Катанци и брави (на клуч, шифра или електрични), од прости метали; затворачи и опкови со затворачи, кои имаат вредносни брави, од прости метали, клучеви за кои и да е од споменатите производи, од прости метали:	
	8301 40	- Други брави:	
		-- Брави за врати во зграда	
	8301 40 90 00	-- Други брави	
		а) Електронска брава	2 парчиња
8471		Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место:	
	8471 50	- Дигитални централни единици освен оние од тар. подброеви 8471 41 и 8471 49, кои содржат или не содржат во исто куќиште една или две од следниве единици: меморски единици, влезни единици, излезни единици:	
	8471 50 90 00	-- Друго	
		а) Дигитални централни единици	1 парче
		б) Дигитални централни единици	10 парчиња
	8471 60	- Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат меморски единици во исто куќиште	
	8471 60 50 00	--- Тастатури	
		а) Влезни излезни единици „тастатури"	10 парчиња
		б) Влезни излезни единици „глувци"	10 парчиња

1	2	3	4
	8471 70	- Меморискі единици	
	8471 70 51 00	----- Оптички вклучувајќи и магнетно оптички	
		а) CD-ROM	10 парчиња
	8471 70 53 00	------ Хард диск драјв (Hard disk drives)	10 парчиња
	8471 80	- Други единици од машините за автоматска обработка на податоци	
	8471 80 10 00	-- Периферни единици	
		а) Периферни единици	10 парчиња
		б) Контролер	1 парче
		в) Читач на магнетни картички	2 парчиња
		г) Конвертор	1 парче
8504		Електрични трансформатори, статички конвертори (на пример, исправувачи) и индуктивни калеми:	
	8504 40	- Статички конвертори (претворувачи)	
	8504 40 30 00	--- Модули за напојување од вид кои се употребуваат кај машините за автоматска обработка на податоци	1 парче
8517		Електрични апарати за жична телефонија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони:	
	8517 30 00 00	- Комуникациони апарати за телефонија или телеграфија	6 парчиња
8523		Подготвени неснимени подлоги за звучни снимања на други феномени, освен производите од Глава 37:	
	8523 30 00 00	- Картички кои содржат магнетни ленти	
		а) Држач за магнетни картички	200 парчиња
8524		Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37:	
	8524 91	-- За репродукција на појави освен на звук или слика:	
	8524 91 10 00	--- Со снимени податоци или програми, од вид кои се употребуваат со машини за автоматска обработка на податоци	
		а) Софтвер	1 парче
8528		Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика; видео-монитори и видео-проектори:	
		- Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика:	
	8528 21 00 00	-- Во боја	
		а) Монитор во боја	10 парчиња
8542		Електронски интегрални кола и микросклопови:	
	8542 12 00 00	-- Картички кои содржат интегрални електронски кола	38 парчиња
	8542 19	-- Друго, вклучувајќи кола добиени со комбинација на биполарна и MOS технологија (BIMOS технологија):	
	8542 19 10 00	--- Меморни (D-RAMs; S-RAMs; cache-RAMs; EPROMs; E2PROMs; FLASH E2PROMs; ROMs; CAMs; FIFIOs; LIFOs; и др.)	
		а) Меморни – MOS и биполарна технологија	40 парчиња
8544		Изолирана жица (вклучувајќи емајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, изработени од поединечно оплаштени влакна, комбинирани или не со електрични спроводници, со или без конектори:	
		- Жица намотки:	
	8544 20 00 00	- Коаксијални кабли и други коаксијални електрични спроводници	10.000м
	8544 41	-- Со конектори	
	8544 41 90 00	--- Други	
		а) Кабел со конектор	5 парчиња
	8544.49	-- Други:	
	8544 49 20 00	Видови што се употребуваат во телекомуникациите	
		а) Кабел	100 м

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

Бр. 23-1375/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

707.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се

увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за труд и социјална политика и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8450		Машини за перење, за домаќинство или за пералниците, вклучувајќи машини кои перат и сушат:	
	8450 20 00 00	- Со капацитет на суви алишта над 10 кг.	25 парчиња
8451		Машини (освен машините од тар. број 8450) за перење, чистење, цедење (на алишта), сушење, пеглање (вклучувајќи и преси за фиксирање), белење, бојадисување, апретирање, довршување, превлечување или импрегнирање на текстилно предиво, ткаенини или плетенини, или на готови текстилни предмети и машини за нанесување на паста на основната ткаенина или на друга подлога што се користи во производството на подни покривки како што е линолеумот; машини за намотување, одмотување, свиткување, сечење на запчесто изрежување на текстилни ткаенини:	
	8451 21	-- Со капацитет на суви алишта до 10 кг:	
	8451 21 90 00	--- Со капацитет на суви алишта над 6 кг до 10 кг	50 парчиња

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1376/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

708.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
9009		Апарати за фотокопирање со вграден оптички систем, апарати за контактно копирање и апарати за термичко копирање	
	9009 21 00 00	-- Со вграден оптички систем	
		а) Фотокопирен апарат CANON NP 6035 RDF	1 парче
	9009 90	-- Делови и прибор	
	9009 90 10 00	-- За електростатички фотокопирни апарати или за други фотокопирни апарати со оптички систем	1 парче
		а) Дуплекс постолје CANON BI	
		б) Дуплекс кит	1 парче
		в) Сортер CANON E1	1 парче
		г) Сортер кит	1 парче
		д) Тонер CANON NPG 13C.	1 парче

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1377/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

709.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Основниот суд Штип и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8703		Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тар. број 8702), вклучувајќи и моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот „караван", „комби", итн.) и автомобили за трки:	
	8703 32 90 10	--- Употребувани:	
		---- Со зафатнина на цилиндрите над 1500 см^3 до 2000 см^3	

а) Патничко моторно возило „БМВ" тип 9316, број на мотор 164Е209538134, број на шасија6ббаца 71охофл45600, зафатнина на моторот 1596 см^3 сила на мотор 74кв.	1 парче

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1378/1
18 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

710.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година,донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Фатмир Авмедовски повторно се назначува за советник на министерот за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1209/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

711.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година,донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Јордан Лакалиски повторно се назначува за помошник на министерот за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1210/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

712.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година,донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. М-р Авзи Мемети, повторно се назначува за помошник на министерот за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1211/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

713.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година,донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Ристо Шулевски повторно се назначува за советник на министерот за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1212/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

714.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година,донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Снежана Корубин повторно се назначува за советник на министерот за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1213/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

715.

Врз основа на член 153 став 4, од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Томислав Андоновски повторно се назначува за советник на министерот за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1214/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

716.

Врз основа на член 138 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈВП „ВОДОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА" - СКОПЈЕ

1. За вршител на должноста директор на Јавното водостопанско претпријатие „Водостопанство на Македонија" - Скопје се именува Перо Грков, дипл. правник, досегашен в.д. директор на ЈВП „Тиквешко Поле" - Кавадарци.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1321/1
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

717.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Владата на Република Македонија се назначува Стоилко Цветковски, поранешен советник во Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1323/1
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

718.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Владата на Република Македонија се назначува Живко Георгиевски, поранешен советник во Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1324/1
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

719.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Владата на Република Македонија се назначува Снежана Димовска, поранешен советник во Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1325/1
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

720.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), а во врска со член 2 од Одлуката за преземање на вршењето на комуналните дејности во општините Кичево и Другово („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ „КОМУНАЛЕЦ" - КИЧЕВО

1. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" - Кичево се именуваат:

- Љупчо Аврамовски, директор на Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата

во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина;

– Красимир Божиноски, дипл. ел. инж. вработен во ЈЗО „Медицински центар" – Кичево;

– Александар Данилоски, републички управен инспектор во Министерството за правда – ПЕ – Кичево;

– Јорде Крагуески, директор на АД Стопанска банка – Филијала Кичево;

– Василе Петрески, дипл. шумарски инж. вработен во Претпријатието за стопанисување со шуми „Лопушник" – Кичево;

– м-р Кети Пиперкоска, инж. арх. вработена во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина – Подрачна единица – Кичево;

Од редот на вработените на претпријатието

– Рајна Алексоска, раководител на Секторот за општи и правни работи;

– Гордана Стојаноска, референт по план и анализа;

– Стојанче Темелкоски, раководител на РЕ водовод и канализација.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1059/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

721.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), а во врска со член 2 од Одлуката за престанување на вршењето на комуналните дејности во општините Кичево и Другово („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ „КОМУНАЛЕЦ" – КИЧЕВО

1. За членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" – Кичево се именуваат:

– Надица Дејаноска, дипл. економ. АД „Тајмиште" – Кичево;

– Гордана Ѓорѓиеска, економист во РЕК „Осломеј" – Кичево;

– Васо Мирчески, дипл. економ. А.Д. „Тајмиште" – Кичево;

– Јовче Настески, економист АД „Жито Караорман" – Кичево;

– Весна Смилеска, дипл. економ. АД „Тане Цалески" – Кичево;

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1059/3
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

722.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник на секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија се назначува Лила Миладиновска – Пејчиновска, досегашен самостоен советник во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1131/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

723.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА

1. Македонка Симоновска повторно се назначува за советник на министерот за култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1176/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

724.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Се разрешува Ќемал Ајдини од должноста советник на министерот за образование и физичка култура поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1205/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

725.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Живко Новески повторно се назначува за советник на министерот за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1206/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

726.

Врз основа на член 142 став 3, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГЛАВНИОТ РЕПУБЛИЧКИ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР

1. М-р Стојан Пржовски повторно се именува за заменик на главниот републички просветен инспектор.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1207/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

727.

Врз основа на член 142 став 3, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГЛАВНИОТ РЕПУБЛИЧКИ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР

1. М-р Сефадин Елези повторно се именува за заменик на главниот републички просветен инспектор.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1208/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

728.

Врз основа на член 54 и 55 од Законот за заштита од елементарни непогоди („Службен весник на СРМ" бр. 39/77; 6/81; 47/89 и 27/90) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНКА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

1. Богдан Каранфиловски се разрешува од должноста член на Републичката комисија за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, поради заминување на друга должност од должноста од која е именуван.

2. За член на Републичката комисија за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди се именува Богољуб Чижбаноски, дипл. град. инж. начелник на Одделението за регулација во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1033/2
4 мај 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

729.

Врз основа на член 68 став 4 од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93), министерот за развој донесува

ПРАВИЛНИК
ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛОТО НА ПРОИЗВОДОТ И ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛОТО НА ПРОИЗВОДОТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува: постапката за признавање на ознака на потеклото на производот и постапката за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот, објавувањето на признаената ознака на потеклото и овластениот корисник во гласилото на Заводот за заштита на индустриска сопственост (во понатамошниот текст: Завод); содржина на исправата за признаено право на овластен корисник на ознаката на потеклото; впишувањето на промените кои се однесуваат на овластените корисници на ознаки на потеклото на производот во регистарот; продолжувањето на правото на овластен корисник на ознаката на потеклото и постапката за огласување за ништовно на решението за признаена ознака на потеклото на производот, односно на решението за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот.

II. ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛОТО НА ПРОИЗВОДОТ И ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛОТО НА ПРОИЗВОДОТ

Член 2

За признавање на ознака на потекло на производот и за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот се поднесува писмено барање за

признавање на ознака на потеклото на производот, односно за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот до Заводот.

1. Содржина на барањето за признавање на ознака на потекло на производот и на барањето за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот

Член 3

Барањето за признавање на ознака на потеклото на производот се поднесува во три примероци.

Кон барањето се доставува и елаборат за начинот на производство и посебните својства и квалитет на производот на кој се однесува ознаката на потеклото, во еден примерок.

Барањето се поднесува на образец ЗЗИС ОП-1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Елаборатот за начинот на производството и посебните својства и квалитет на производот, содржи:

1) Податоци за подносителот на барањето на ознаката на потеклото: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма или назив и седиште за правно лице;

2) Географскиот назив на производот кој се штити со ознаката на потеклото;

3) Стручно изработен опис на начинот и постапката за производство односно изработка на производот;

4) Податоци за посебните својства и квалитет на производот и обусловеноста на тие посебни својства на производот од поднебјето, климата и почвата или од вообичаениот начин и постапка за производство, односно обработка;

5) Податоци за обемот на годишното производство на определениот производ.

Член 5

Барање за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот се поднесува во три примероци.

Кон барањето се доставуваат и следните прилози:

– Доказ за дејноста на подносителот на барањето, во еден примерок;

– Начинот на обележувањето на производот со етикети, во осум примероци;

– Доказ за извршена контрола од надлежна институција дека производот што го произведува подносителот на барањето ги исполнува условите за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот, а кој не може да биде постар од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето, во еден примерок;

Доказ дека подносителот на барањето произведува производ кој ги исполнува условите да биде носител на ознаката на потеклото, во еден примерок;

– Доказ кој го покажува обемот на годишното производство на определениот производ од страна на подносителот на барањето, во еден примерок;

– Доказ за платена такса, во еден примерок.

Барањето се поднесува на образец ЗЗИС ОК-1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

За начинот на обележувањето на производот, согласно член 5 од овој правилник, подносителот на барањето за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот, треба да достави етикети во боја (доколку има две или повеќе на определено пакување) во осум примероци од кои четири се залепуваат на соодветниот простор во образецот. Доколку етикетите се поголеми од соодветниот простор означен во образецот, се залепуваат намалени според дозволениот формат, а останатите четири се доставуваат во вистинската големина.

2. Регистри на барања за признавање на ознака на потеклото на производот и на барања за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот

2.1. Регистар на барања за признавање на ознака на потеклото на производот

Член 7

Барањата за признавање на ознаките на потеклото на производот се заведуваат во регистар на барања за признавање на ознаки на потеклото на производот во кој се запишува:

1) Бројот на барањето за признавање на ознаките на потеклото на производот: ОП-број;

2) Датата на поднесување на барањето;

3) Адресата за коресподенција, телефон и телефакс;

4) Податоците за подносителот на барањето: презиме, име и адреса за физичко лице, фирма и седиште за правно лице, назив на државниот орган, односно органот на единицата на локална самоуправа;

5) Видот на дејноста која ја врши подносителот на барањето;

6) Податоците за застапникот доколку барањето се поднесува преку застапник: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот;

7) Географскиот назив на производот кој се штити со ознаката на потеклото;

8) Називот на подрачјето од каде што потекнува производот со точно назначени граници според катастар;

9) Податоците за тоа како завршила постапката, датата на признавање на ознаката и регистарскиот број на ознаката на потеклото;

10) Податоците за промените.

2.2. Регистар на барања за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот

Член 8

Барањата за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот се заведуваат во регистар на барања за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот во кој се запишува:

1) Бројот на барањето за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот: ОК-број;

2) Датата на поднесување на барањето;

3) Адресата за коресподенција, телефон и телефакс;

4) Податоците за подносителот на барањето: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице;

5) Видот на дејноста која ја врши подносителот на барањето;

6) Податоците за застапникот ако барањето се поднесува преку застапник: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот;

7) Географскиот назив кој се штити со ознаката на потеклото;

8) ОП-бројот и регистарскиот број на ознаката на потеклото на која се однесува барањето за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот;

9) Видот на производот на кој се однесува ознаката на потеклото;

10) Податоци за промените;

11) Податоци за платените такси.

3. Признавање на ознака на потеклото и признавање право на користење на ознака на потеклото на производот

3.1. Признавање на ознака на потеклото

Член 9

Ако се утврди дека се исполнети условите за признавање на ознака на потеклото на производот, се донесува решение за признавање на ознаката и податоците за признаената ознака на потеклото на производот се објавува во службеното гласило на Заводот.

Уписот во регистарот на признаени ознаки на потеклото на производот согласно член 33 од Законот за заштита на индустриската сопственост го врши Заводот по службена должност.

3.2. Признавање право на користење на ознака на потеклото на производот

Член 10

Ако се исполнети условите за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот, Заводот писмено ќе го извести подносителот на барањето и ќе го повика во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето да ги плати трошоците за објавување на податоците за овластен корисник на ознаката на потеклото на производот во гласилото на Заводот, и таксите за користење на ознаката на потеклото на производот.

Ако подносителот на барањето во предвидениот рок ги достави доказите за уплатените трошоци и такси, Заводот издава решение за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот. Признаеното право се упишува во регистарот на корисници на ознаки на потеклото на производот и се објавува во службеното гласило на Заводот.

Уписот во регистарот на корисници на ознаки на потеклото на производот согласно член 33 од Законот за заштита на индустриската сопственост го врши Заводот по службена должност.

Ако подносителот на барањето во рок од став 1 од овој член, не достави докази за уплатените трошоци и такси, правото нема да се признае и се издава решение за отфрлање на барањето за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот.

III. ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРИЗНАЕНАТА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛОТО И ОВЛАСТЕНИОТ КОРИСНИК ВО ГЛАСИЛОТО НА ЗАВОДОТ

1. Објавување на признаената ознака на потеклото

Член 11

Во гласилото на Заводот се објавуваат следните податоци за признаената ознака на потеклото:

1) Регистарски број на ознаката на потеклото;

2) Број и дата на решението за признавање на ознаката на потеклото;

3) Дата на впишување во регистарот;

4) Географскиот назив кој се штити со ознаката на потеклото;

5) Видот на производот на кој се однесува ознаката на потеклото;

6) Назив на географското подрачје односно, местото од каде што потекнува производот, со точно определени граници;

Во гласилото на Заводот се објавуваат и податоците за промените во регистарот на ознаки на потекло и тоа во врска со:

1) Овластените корисници на определената ознака на потеклото;

2) Огласување за ништовно на решението за признаената ознака на потеклото.

2. Објавување на податоци за овластениот корисник на ознаката на потеклото на производот

Член 12

Во гласилото на Заводот се објавуваат следните податоци за овластените корисници на ознаки на потекло на производот:

1) Регистарски број на овластениот корисник на ознаката на потекло на производот;

2) Број и дата на решението за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот;

3) Дата на признавање право на користење на ознака на потеклото на производот;

4) Податоци за овластениот корисник: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице;

5) Регистарски број на ознаката на потеклото за која е овластен корисникот;

6) Географскиот назив кој се штити со ознаката на потеклото;

7) Податоци за застапникот доколку барањето се поднесува преку застапник: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот;

8) Видот на производот на кој се однесува ознаката на потеклото;

9) Начин на обележување на производот (етикети);

10) Територијална припадност на овластениот корисник на ознаката на потеклото, назив на географското подрачје или местото на кое се врши определената дејност, односно се произведува определен производ кој се штити со ознака на потеклото;

11) Дата до која трае правото на овластен корисник во однос на определената ознаката на потеклото.

Во гласилото на Заводот се објавуваат и податоците за:

1) Впишување на промените во регистарот на корисници на ознаките (промените во врска со овластениот корисник);

2) Продолжување на правото за користење на ознаката на потеклото;

3) Податоци за престанување на правото за користење на ознаката на потеклото како и основот за престанувањето на тоа право;

4) Огласување за ништавно на решението за признавање на правото на користење на ознаката на потеклото на производот.

IV. ИСПРАВА ЗА ПРИЗНАТО ПРАВО НА ОВЛАСТЕН КОРИСНИК НА ОЗНАКАТА НА ПОТЕКЛОТО

Член 13

Исправата за признаено право на овластен корисник на ознаката на потеклото содржи:

1) Регистарски број на овластениот корисник и дата на признавање право на користење на ознака на потеклото на производот;

2) Податоци за овластениот корисник: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице;

3) Регистарски број на ознаката на потеклото;

4) Географскиот назив кој се штити со ознаката на потеклото;

5) Назначување на видот на производот на кој се однесува ознаката на потеклото;

6) Начин на обележување на производот (етикети);

7) Назив на географското подрачје од каде што потекнува производот со точно определени граници според катастар;

8) Дата на впишување на признаеното право во регистарот на корисници на ознаки на потеклото на производот;

9) Дата до која трае правото на овластен корисник;

10) Дата на издавањето на исправата.

V. ВПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ОВЛАСТЕНИТЕ КОРИСНИЦИ НА ОЗНАКИ НА ПОТЕКЛОТО ВО РЕГИСТАРОТ

Член 14

Барањето за впишување на промените во соодветниот регистар се поднесува на образецот ОК-2, кој содржи:

1) Назначувањето на регистарот во кој се бара да се впишат промените;

2) Презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште на правното лице кое е овластен корисник на ознаката, според состојбата во регистрите;

3) Регистарски број на овластениот корисник на ознаката на потеклото;

4) Регистарски број на ознаката на потеклото;

5) Податоци за застапникот: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот, ако барањето е поднесено преку застапник;

6) Назначување на видот на промената и нејзината содржина;

7) Потпис на подносителот на барањето, односно застапникот.

Со барањето од став 1 на овој член се поднесуваат и:

– Доказ за правниот основ за промената поради која се бара впишување во регистар;

– Овластување на застапникот ако барањето се поднесува преку застапник;

– Доказ за платена такса за барањето.

Образецот ОК-2 е составен дел на овој правилник.

VI. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОВЛАСТЕН КОРИСНИК НА ОЗНАКАТА НА ПОТЕКЛОТО

Член 15

Барање за продолжување на правото на овластен корисник на ознаката на потеклото се поднесува на образец ОК-3, кој содржи:

1) Податоци за овластениот корисник: презиме, име и адреса за физичко лице, фирма и седиште за правно лице;

2) Регистарски број на овластениот корисник и дата на признавање право на користење на ознака на потеклото на производот;

3) Податоци за застапникот: презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот, ако барањето е поднесено преку застапник;

4) Регистарски број на определената ознака на потеклото;

5) Податоци за извршена контрола на производот – број и датум на издаденото уверение за испитаниот и утврдениот квалитет на производот;

6) Потпис и печат на подносителот на барањето.

Со барањето од став 1 на овој член се поднесуваат и:

– Овластување на застапникот ако барањето се поднесува преку застапник;

– Доказ за извршена контрола од надлежна институција дека производот што го произведува подносителот на барањето ги исполнува условите за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот, а кој не може да биде постар од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето;

– Доказ за уплатена такса за барањето.

Образецот ОК-3 е составен дел на овој правилник.

VII. ПОСТАПКА ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ЗА НИШТОВНО РЕШЕНИЕ ЗА ПРИЗНАЕНА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛОТО, ОДНОСНО РЕШЕНИЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛОТО НА ПРОИЗВОДОТ

Член 16

Постапката за огласување на ништовно решение за признаената ознака на потеклото, односно решение за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот се поведува со поднесување писмен предлог до Заводот.

Предлогот од став 1 од овој член се доставува до Заводот во два примерока. Ако е во прашање предлог за огласување за ништовно решение за признаена ознака на потеклото која има повеќе овластени корисници, предлогот од став 1 од овој член се доставува во онолку примероци колку што има овластени корисници.

Предлогот содржи:

1) Податоци за подносителот на предлогот: презиме, име и адреса за физичко лице, фирма и седиште за правно лице;

2) Презиме, име и адреса за физичко лице, фирма и седиште на правното лице, односно адреса на овластениот корисник, а ако е во прашање предлог за огласување за ништовно на решението за установена ознака која има повеќе овластени корисници, податоци за сите овластени корисници;

3) Назначување дека со предлогот се бара огласување за ништовно решение за признавање на ознаката на потеклото, односно решение за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот;

4) Регистарски број на ознаката на потеклото;

5) Регистарски броеви на корисниците на ознаката;

6) Географскиот назив кој се штити со ознаката на потеклото;

7) Назив на географското подрачје односно местото од каде што потекнува производот кој се штити со ознаката на потеклото;

8) Овластување на застапникот ако барањето се поднесува преку застапник;

9) Причини заради кои се бара огласување на решението за ништовно како и доказ за тие причини;

10) Доказ за платена такса за предлог;

11) Потпис и печат на подносителот на предлогот.

Член 17

Решението за огласување за ништовно решение за признавање на ознаката на потеклото, односно на решение за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот, се впишува во регистарот на признаени ознаки на потеклото на производот и во регистарот на корисници на ознаки на потеклото и се објавува во службеното гласило на Заводот.

VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за поблиско уредување на прашањата во врска со постапката за признавање на правата со кои се штитат пронајдоци и знаци за разликување („Службен лист на СФРЈ" бр. 35/82).

Член 19

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 03-914
14 мај 1998 година
Скопје

Министер за развој,
Абдименаф Незири, с.р.

ОБРАЗЕЦ ОП- 1

БАРАЊЕ
за признавање на ознака на потеклото на производот
(да се пополни со машина за пишување)

1. Адреса за кореспонденција: **Тел:** **Факс:**
2. Подносител на барањето (презиме , име и адреса за физичко лице, фирма и седиште за правно лице,назив на државниот орган, односно органот на единицата на локална самоуправа):
3. Застапник: **регистарски број**
4. Географскиот назив на производот кој се штити со ознаката на потеклото:
5. Назначување на видот на производот на кој се однесува ознаката на потеклото:
6. Географското подрачје од каде што потекнува производот:

7. Фактори кои ги условуваат посебните својства на производот:
а) природните услови (клима,почва.....)

б) човечкиот фактор (традиционална производна постапка)

8. Посебните својства и квалитет на производот обусловени од географската средина

9. Надлежна институција за контрола на квалитетот на производот (назив и седиште на правното лице)

10. Прилози:

☐ **елаборат за производот на кој се однесува ознаката на птеклото;**

☐ **овластување на застапникот.**

Потпис и печат

ПОПОЛНУВА ЗАВОДОТ
ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ
ДЕЛОВОДЕН БРОЈ
БРОЈ НА БАРАЊЕТО ОП /

Потпис на овластено лице

об. ЗЗИС ОП- 1 **МП**

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ- ОП-1

Образецот се пополнува со машина за пишување.
Подносителот на барањето ги пополнува рубриките од 1 до 10.
1. Како адреса за кореспонденција се наведува :
- Адресата на подносителот на барањето доколку тој лично го поднесува барањето;
- Адресата на заедничкиот претставник, ако има повеќе подносители на барањето кои имаат заеднички претставник.;
- Адреса на застапникот, ако барањето се поднесува преку застапник.
2. За физичко лице, презиме, име и адреса;
За правно лице, фирма и седиште, при што податоците за правното лице треба да се совпаѓаат со податоците од судскиот регистар;
Назив и адреса на државниот орган, односно органот на единицата на локална самоуправа.
3. Презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот под кој е заведен во регистарот на застапници.
4. Се пополнува географскиот назив на ознаката на потеклото.
5. Се назначуваат видовите на производи на кои се однесува ознаката на потеклото на производот.
6. Се впишува географскиот назив на областа , местото, односно подрачјето од каде што потекнува производот
7. Под 7а се дава опис на конкретните природни услови, од кои се обусловени посебните својства и квалитет на производот.
Под 7б се дава опис на посебната традиционална постапка од која се обусловени специфичните својства и квалитет на производот.
8. Се опишуваат посебните својства и квалитет што ги поседува производот, обусловени од факторите под точка 7а и 7б.
9. Називот и адреса на надлежната институција која врши контрола на квалитетот на производот.
10. За прилозите кои се поднесуваат во соодветниот квадрат се става ознаката "х".

Барањето го потпишува подносителот на барањето или неговиот застапник, односно заеднички претставник ако има повеќе подносители на барањето кои имаат заеднички претставник . Ако подносителот на барањето е правно лице кај потписот се наведува името и презимето на лицето кое за правното лице го потпишало барањето.

НАПОМЕНА:

Кон барањето за признавање на ознака на потеклона производот поднесено на образец -ОП-1 (во 3 примероци) се приложува и:
- Елаборат за начинот на производство и посебните својства и квалитет на производот на кој се однесува ознаката на птеклото (во 1 примерок);

Барањето на ознака на потекло се поднесува на адреса:
МИНИСТЕРСТВО ЗА РАЗВОЈ
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НАИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ
ул." Илинденска " бб.91000 Скопје
тел.220-232;224-269; факс 239-046

ОБРАЗЕЦ ОК-1

БАРАЊЕ
за признавање право на користење
на ознака на потеклото на производот
(да се пополни со машина)

1. Адреса за кореспонденција: **Тел:** **Факс:**
2. Подносител на барањето (презиме , име и адреса за физичко лице, фирма и седиште за правно лице):
3. Застапник: **регистарски број**
4. Географскиот назив на производот кој се штити со ознаката на потеклото: **регистарски број**
5. Назначување на видот на производот на кој се однесува ознаката на потеклото:
6. Територијална припадност на корисникот на ознаката на потеклото, назив на географското подрачје:
7. Обем на годишно производство (според постојните капацитети):

8. Начин на обележување на производот (етикета, предна, задна)

9. Надлежна институција за контрола на квалитетот на производот (назив и седиште на правното лице).

10. Податоци за извршената контрола на производот (број и дата на издаденото уверение за утврдениот квалитет на производот).

11. Прилози:

- ☐ **доказ за дејноста на подносителот на барањето(извод од регистарот);**
- ☐ **обележувањето на производот, етикети (во 8 примероци);**
- ☐ **Доказ дека подносителот на барањето произведува производ кој ги исполнува условите да биде носител на ознаката на потеклото;**
- ☐ **доказ за извршена контрола на квалитетот ни производот;**
- ☐ **доказ за можниот обем на производство;**
- ☐ **овластување на застапникот;**
- ☐ **доказ за платени такси.**

Потпис и печат

ПОПОЛНУВА ЗАВОДОТ
ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ
ДЕЛОВЕН БРОЈ
БРОЈ НА БАРАЊЕТО ОК /

об.ЗЗИС ОК-1 **МП** **Потпис на овластеното лице**

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ- ОК-1

Образецот се пополнува со машина за пишување.
Подносителот на барањето ги пополнува рубриките од 1 до 11.
1. Како адреса за коресподенција се наведува:
- Адресата на подносителот на барањето доколку тој лично го поднесува барањето.
- Адресата на заедничкиот претставник, ако има повеќе подносители на барањето кои имаат заеднички претставник.
- Адреса на застапникот, ако барањето се поднесува преку застапник.
2. За физичко лице , презиме,име и адреса;
За правно лице, фирма и седиште, при што податоците за правното лице треба да се совпаѓаат со податоците од судскиот регистар.
3. Презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот под кој е заведен во регистарот на застапници.
4. Се пополнува географскиот назив на установената ознаката на потеклото и редниот број под кој се води во регистарот на ознаки на потекло.
5. Се назначуваат видовите на производи на кои се однесува ознаката на потеклото на производот.
6. Се впишува географската припадност на подносителот на барањето, местото, односно географското подрачје.
7. Се прецизира обемот на годишното производство, според капацитетот.
8. Три примероци од етикети се лепат (предна и задна , во случај кога има две или повеќе), а во прилог се доставуваат уште пет примероци;
-во случај кога етикетата е поголема од дозволениот простор 4 примероци се доставуваат во намалена а останатите во природна големина во прилог.
9. Називот и адреса на надлежната институција која врши контрола на квалитетот на производот.
10. Се впишуваат податоци за извршената контрола на производот (број и дата на издаденото уверение за испитаниот и утврдениот квалитет на производот).
11. За прилозите кои се поднесуваат во соодветниот квадрат се става ознаката "x".
Барањето го потпишува подносителот на барањето или неговиот застапник, односно заеднички претставник ако има повеќе подносители на барањето кои имаат заеднички претставник. Ако подносителот на барањето е правно лице кај потписот се наведува името и презимето на лицето кое за правното лице го потпишало барањето.
Барањето за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот во регистарот на корисници на ознаки на потекло се таксира според тарифникот на важечкиот Закон за административни такси. Уплатата на таксите се врши на жиро сметка бр. 40100-840-033-3161 со ознака :ПРИМАЧ: Буџет на Република Македонија.
ЦЕЛ НА ДОЗНАКАТА: за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот

НАПОМЕНА:
1. Кон барањето за признавање право на користење на ознака на потеклото на производот кое се поднесува на образец -ОК-1(во 3 примероци) се приложува и:
- Доказ за дејноста на подносителот на барањето (во 1 примерок);
- Начинот на обележувањето на производот, етикети (во 8 примероци);
- Доказ за извршена контрола од надлежна институција дека производот што го произведува подносителот на барањето, ги исполнува условите за признавање право на користење на ознака на потекло на производот, а кој не може да биде постар од шест месеци (во 1 примерок);
-Доказ дека подносителот на барањето произведува производ кој ги исполнува условите да биде носител на ознаката на потеклото (во 1 примерок);
- Доказ кој го покажува обемот на годишното производство на определениот производ од страна на подносителот на барањето на ознаката на потеклото (во 1 примерок);
- Доказ за платена такса (во 1 примерок).

Барањето на ознака на потекло се поднесува на адреса:
МИНИСТЕРСТВО ЗА РАЗВОЈ
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НАИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ
ул." Илинденска " бб.91000 Скопје
тел.220-232;224-269; факс 239-046

ОБРАЗЕЦ ОК- 2

БАРАЊЕ
за впишување на промена во регистрите
(да се пополни со машина)

1. Промена во:

☐ **регистар на барања за признавање на ознака на потеклото на производот**

☐ **регистар на корисници на ознаки на потеклото**

2. Број на барањето **ОК_____/_____**

3. Регистарски број на овластениот корисник _____

4. Регистарски број на определената ознака на потеклото:

5. Правото на овластен корисник важи до:

6. Презиме, име и адреса за физичко лице , фирма и седиште за правно лице, подносител на барањето, односно овластениот корисник на ознаката на потеклото:

7. Подносител на барањето:

8. Застапник: **регистарски број**

9. Назначување на видот на промената и нејзината содржина:

10. Прилози:

☐ **овластување на застапникот;**

☐ **доказ за правниот основ на впишувањето на промената;**

☐ **доказ за платена такса.**

_____
Потпис и печат

ПОПОЛНУВА ЗАВОДОТ
ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ
ДЕЛОВЕН БРОЈ

_____
Потпис на овластеното лице

об. ЗЗИС ОК- 2 **МП**

ОБРАЗЕЦ: ОК- 3

БАРАЊЕ
за продолжување на правото на овластен корисник
на ознаката на потеклото
(да се пополни со машина)

1. Регистарски број на овластениот корисник на ознаката на потеклото:
2. Дата на упис во регистарот на корисници на ознаки на потеклото:
3. Правото на овластен корисник важи до:
4. Презиме, име и адреса за физичко лице , фирма и седиште за правно лице кое е овластен корисник на ознаката на потеклото:
5. Регистарски број на определената ознака на потеклото:
6. Податоци за извршена контрола на производот - број и датум на издаденото уверение за испитаниот и утврдениот квалитет на производот;
7. Застапник: **регистарски број**
8. Прилози: ☐ **овластување на застапникот;** ☐ **доказ за извршена контрола на производот;** ☐ **доказ за платена такса.** **Потпис и печат**

ПОПОЛНУВА ЗАВОДОТ
ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ
ДЕЛОВЕН БРОЈ

Потпис на овластеното лице

об. ЗЗИС ОК- 3 **МП**

730.

Врз основа на член 45 и 46 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97 и бр. 15/97), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 28.04.1998 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ

ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На „СБС Агро Банка Интернешенел Македонија" А.Д. Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – втора емисија на акции во вредност од 3.500.000 ДМ или во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Република Македонија на ден 29.04.1998 година во износ од 108.255.521,50 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Комисијата за хартии од вредност при Владата на Република Македонија не препорачува како запишувачи и купувачи на акции од оваа емисија на Банката да се јават лица кои до сега немаат инвестирано во Банката.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-73/1
29 април 1998 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
д-р **Владимир Кандикјан**, с.р.

731.

Врз основа на член 59 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97 и бр. 15/97), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 28.04.1998 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ

1. Се поништува решението за давање одобрение за издавање долгорочни хартии од вредност – втора емисија на акции на „СБС–АГРО Банка Интернешенел Македонија" А.Д. – Скопје број 01-39/1 од 29.05.1997 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија", бр. 26/97 од 17.06.1997 година, во вредност од 1.500.000 ДМ или во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Република Македонија на ден 29.05.1997 година во износ од 39.978.600,00 денари.

2. Се задолжува издавачот да ги врати уплатените средства заедно со каматата утврдена во Одлуката за издавање хартии од вредност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-39/2-97
29 април 1998 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
д-р **Владимир Кандикјан**, с.р.

732.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 29 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членот 7 став 3 од Законот за штрајк, во делот „Со општ акт односно со колективен договор, во согласност", членот 11 став 2 од Законот за штрајк, во делот „Со општиот акт односно со колективниот договор, во согласност", членот 74 став 1 точка 7 од Законот за внатрешни работи и Правилникот за работите и задачите кои е неопходно да се извршуваат за времето на штрајкот.

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. По поднесената иницијатива од Независниот синдикат на вработените во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, со решение У. бр. 227/97 од 18 март 1998 година, поведе постапка за оценување уставноста на актите означени во точката 1 на ова решение, бидејќи најде дека основано се поставува прашањето за нивната согласност со одредбата од членот 38 од Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според член 7 од Законот за штрајк („Службен лист на СФРЈ" бр. 23/91), правото на штрајк на работниците во организациите и кај работодавците кои вршат дејност или работи од посебен општествен интерес утврдени со закон или со одлука на собранието на општествено – политичката заедница заснована врз закон, и во организациите од посебно значење за народната одбрана, утврдени со одлука на надлежниот орган во согласност со законот, може да се оствари само под условот да се обезбеди:

1. минимум на процесот на работата кој обезбедува сигурност на луѓето и имотот или се незаменлив услов за животот и работата на граѓаните или за работа на други организации;

2. извршување на меѓународните обврски.

Со закон или со одлука на собранието на општествено – политичката заедница заснована врз закон се утврдуваат начинот на обезбедување на условите од став 1 на овој член.

Со општ акт односно со колективен договор, во согласност со законот, се утврдуваат работите и задачите од став 1 на овој член и начинот на нивното извршување за време на штрајкот.

Според член 11 од истиот закон, работниците во органот односно во организацијата на општествено-политичката заедница и во друг државен орган го остварува правото на штрајк под услов со штрајкот суштествено да не се загрозува остварувањето на функцијата на тие органи и организации. Со општиот акт односно со колективниот договор, во согласност со законот, се утврдуваат работите и задачите што, како суштествени за остварување на функциите на наведените органи и организации, мораат да се вршат и за време на штрајкот.

Според член 74 став 1 точка 7 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/95 и 55/97), се овластува министерот за внатрешни работи да донесе подзаконски пропис за работите и задачите кои е неопходно да се извршуваат за времето на штрајкот.

Со оспорениот Правилник за работите и задачите кои е неопходно да се извршуваат за времето на штрајкот, донесен од министерот за внатрешни работи, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 59/95, се утврдуваат работите и задачите кои е неопходно да се извршуваат за времето на организиран штрајк на вработените во Министерството за внатрешни работи.

5. Според членот 38 од Уставот, се гарантира правото на штрајк. Со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Според членот 1 од Законот за внатрешни работи, внатрешни работи во смисла на овој закон се работи кои се однесуваат на:

– заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;

– спречување на вршење кривични дела, откривање и фаќање на сторители на кривични дела и нивно предавање на надлежни органи;

– заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот;

– спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија;

– одржување на јавниот ред и мир;

– спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;

– обезбедување на определени личности и објекти;

– регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата и други работи сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата;

– контрола на преминување на државната граница, движење и престој во граничниот појас;

– престој и движење на странци;

– утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државната граница;

– поставување, контрола и одржување на ознаките со кои се обележува граничниот појас на копно и вода;

– заштита од пожари и експлозии;

– контрола на условите во врска со производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови за оружје и муниција;

– производство, промет, складирање, превоз и заштита од експлозивни и други опасни материи и складирање и заштита од запаливи течности и гасови;

– контрола на пријавување и одјавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните;

– укажување на помош при отстранување на последиците предизвикани од природни непогоди и епидемии кои можат да ги загрозат животот и здравјето на граѓаните и имотот;

– истражување и развој во областите од негова надлежност и

– други работи утврдени со закон.

Според член 70 од Законот за внатрешни работи, вработените во Министерството правото на штрајк можат да го остваруваат под услови битно да не се нарушува редовното извршување на работите и задачите утврдени во член 1 од Законот. Заради спречување на евентуални штетни последици од неизвршување на внатрешните работи за време на штрајкот, министерот или од него овластен работник е должен да обезбеди потребно функционирање на организациоиите единици во процесот на работата. Врз основа на преземените мерки од ставот 2 на овој член, вработените се должни да постапуваат по соодветните наредби. Доколку вработените не постапат согласно со ставот 3 на овој член министерот, односно овластениот работник е должен да го обезбеди остварувањето на работниот процес со заменување на соодветни работници.

Според член 8 од Уставот, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска. Законот за органите на управата, помеѓу другите права и должности, предвидува овластување за функционерите кои раководат со органите на управата да донесуваат прописи за извршување на законите, другите прописи и општи акти, кога се за тоа овластени со закон, друг пропис и општ акт, и тоа правилници, наредби и упатства за извршување на законите и на другите прописи и општи акти, при што со правилник се разработуваат одделни одредби на законите и другите прописи и општи акти заради нивно извршување (член 19, 160 и 161 од Законот).

Имајќи ги предвид цитираните уставни и законски одредби, Судот оцени дека оспорените акти не се во согласност со членот 38 од Уставот, бидејќи оваа одредба јасно упатува дека до ограничување на условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата може да дојде единствено врз основа на закон, поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У. бр. 227/97
29 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

733.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 13 мај 1998 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 30 став 5 од Законот за Агенцијата за разузнавање („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/95).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Стамен Филипов од Скопје со Решение У.бр. 37/98 од 18 март 1998 година, поведе постапка за оценување уставноста на член 30 став 5 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со член 32 став 5 од Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека според член 30 став 5 од Законот, потешките случаи на кршење на работната дисциплина заради кои работникот се оддалечува од работа, должината на отказниот рок, како и случаите кога тоа право не се остварува, се пропишува со акт на директорот.

5. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба, во согласност со член 32 став 5 од Уставот, се уредуваат со закон и со колективни договори.

Тргнувајќи од содржината на наведената одредба од Уставот, според која остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор, а имајќи ја предвид содржината на оспорената одредба на член 30 став 5 од Законот, според која потешките случаи на кршење на работната дисциплина заради кои работникот се оддалечува од работа, должината на отказниот рок, како и случаите кога тоа право не се остварува, се пропишува со акт на директорот на Агенцијата, според мислењето на Судот, таквото овластување значи уредување на прашања за остварување на правата од работен однос што не може да бидат предмет на уредување на акт на директорот. Имајќи, законските овластувања со акт на директорот да се уредуваат прашања за остварување на правата од работен однос не е во согласност со општите уставни принципи дека остварувањата на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор. Актот на работодавецот, односно „актот" на директорот на Агенцијата, во конкретниот случај, немаат уставна подлога. Тоа подразбира дека сите права и обврски од работниот однос, се предмет на уредување на закон и на колективен договор. Во таа смисла, нема никаква причина, специфичностите од ра-

ботниот однос во Агенцијата да не бидат уредени со Законот за Агенцијата за разузнавање, како и со колективните договори, вклучувајќи го и колективниот договор на ниво на работодавец. Поратаму, предвидувањето со акт на директорот на Агенцијата, да се пропишуваат односи какви што се во оспорената одредба, би можело да значи арбитрерност и можност од нееднаков третман кон правата и обврските што произлегуваат од работниот однос и нивната заштита.

Врз основа на наведеното, Судот оцени дека одредбата на член 30 став 5 од Законот не е во согласност со член 32 став 5 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр. 37/98
13 мај 1998 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**,с.р.

734.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), В.д. директорот на Заводот за статистика на Република Македонија на 7.05.1998 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАТИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Со ова решение се утврдуваат методолошките основи за статистичкото истражување „Годишен извештај за додадената вредност на нефинансиските претпријатија" што Заводот за статистика на Република Македонија согласно Програмата за статистички истражувања за периодот 1998-2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/97), ќе го спроведува со годишна периодика од 1998 година.

2. За статистичкото истражување од точка 1 од ова решение се утврдува дека податоците ќе ги даваат претпријатијата, трговци поединци и трговски друштва што имаат пазарен карактер и Заводот за платен промет.

– задолжително ќе се прибираат податоци за фактурираната реализација, бруто вредноста на производството, меѓуфазната потрошувачка, додадената вредност, набавната вредност на реализирана трговска стока, амортизација, нето деловен вишок, вработени, основни средства и залихи на готови производи и недовршено производство и залихи на суровини и материјали;

– при спроведувањето на истражувањето ќе се користат дефинициите на Системот на националните сметки и постоечката Единствена класификација на дејности/ Национална класификација на дејности;

– давањето на податоците за ова истражување е задолжително;

– извештајните единици податоците ќе ги даваат на ниво на подгранка, а ќе се објавуваат за Република Македонија по област, гранка и облик на сопственост.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-373/46
7 мај 1998 година
Скопје

В.д. директор,
Дончо Герасимовски, с.р.

735.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), В.д. директорот на Заводот за статистика на Република Македонија на 7.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАТИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Со ова решение се утврдуваат методолошките основи за статистичкото истражување „Годишна пресметка на додадената вредност кај корисниците на средствата на буџетот и фондовите" што Заводот за статистика на Република Македонија согласно Програмата за статистички истражувања за периодот 1998-2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/97), ќе го спроведува со годишна периодика од 1998 година.

2. За статистичкото истражување од точка 1 од ова решение се утврдува дека податоците ќе ги даваат Заводот за платен промет и корисници на буџет и фондови.

– задолжително ќе се прибираат податоци за бројот на претпријатијата, број на вработени, бруто вредност на производство, меѓуфазна потрошувачка, средства на вработените, амортизација, вработени и основни средства;

– при спроведувањето на истражувањето ќе се користат дефинициите и стандардите на Системот на национални сметки и Единствена класификација на дејности/Национална класификација на дејности;

– давањето на податоците за ова истражување е задолжително;

– податоците ќе ги даваат на ниво на подгранка, а ќе се објавуваат за Република Македонија на ниво на област, и гранка по облик на сопственост.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-373/47
7 мај 1998 година
Скопје

В.д. директор,
Дончо Герасимовски, с.р.

736.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), В.д. директорот на Заводот за статистика на Република Македонија на 7.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАТИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Со ова решение се утврдуваат методолошките основи за статистичкото истражување „Годишна пресметка на додадената вредност за буџетот на Република Македонија, буџет на единиците на локална самоуправа" што Заводот за статистика на Република Македонија, согласно Програмата за статистички истражувања за периодот 1998-2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/97), ќе го спроведува со годишна периодика од 1998 година.

2. За статистичкото истражување од точка 1 од ова решение се утврдува дека податоците ќе ги дава Министерството за финансии, единиците на локалната самоуправа и фондовите.

– задолжително ќе се прибираат податоци за бруто вредноста на производството, меѓуфазната потрошувачка, средства на вработените, амортизација;

– при спроведувањето на истражувањето ќе се користат дефинициите и стандардите на Системот на националните сметки и Единствена класификација на дејности/Национална класификација на дејности.

– давањето на податоците за ова истражување е задолжително;

– податоците ќе се даваат на ниво на подгранка, а ќе се објавуваат за Република Македонија на ниво на област и гранка по облик на сопственост.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-373/48
7 мај 1998 година
Скопје

В.д. директор,
Дончо Герасимовски, с.р.

737.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), В.д. директорот на Заводот за статистика на Република Македонија на 7.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАТИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Со ова решение се утврдуваат методолошките основи за статистичкото истражување „Годишна пресметка на додадената вредност кај други субјекти (непрофитни институции)" што Заводот за статистика на Република Македонија, согласно Програмата за статистички истражувања за периодот 1998-2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/97), ќе го спроведува со годишна периодика од 1998 година.

2. За статистичкото истражување од точка 1 од ова решение се утврдува дека податоците ќе ги даваат претпријатија, трговци поединци и трговски друштва и институции што имаат пазарен и непазарен карактер и Заводот за платен промет.

– задолжително ќе се прибираат податоци за бруто вредноста на производството, меѓуфазна потрошувачка, средства на вработените, амортизација;

– при спроведувањето на истражувањето ќе се користат дефинициите и стандардите на Системот на националните сметки и Единствена класификација на дејности/Национална класификација на дејности;

– давањето на податоците за ова истражување е задолжително;

– податоците ќе ги даваат на ниво на подгранка, а ќе се објавуваат за Република Македонија на ниво на област, и гранка по облик на сопственост.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-373/49
7 мај 1998 година
Скопје

В.д. директор,
Дончо Герасимовски, с.р.

738.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), В.д. директорот на Заводот за статистика на Република Македонија на 7.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНАЛИТИЧКО (СТАТИСТИЧКО) ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Со ова решение се утврдуваат методолошките основи за аналитичкото истражување „Годишна пресметка на додадената вредност на нефинансиските претпријатија" по организационен принцип што Заводот за статистика на Република Македонија, согласно Програмата за статистички истражувања за периодот 1998-2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/97), ќе го спроведува со годишна периодика од 1998 година.

2. За статистичкото истражување од точка 1 од ова решение се утврдува дека пресметките се засновани врз база на редовни статистички истражувања на Заводот за статистика, Заводот за платен промет, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за финансии и други податоци од овластени носители.

– задолжително ќе се обработат податоци за фактурираната реализација, бруто вредноста на производството, меѓуфазната потрошувачка, додадената вредност, набавната вредност на реализирана трговска стока, амортизација, нето деловен вишок, вработени, основни средства и залихи на готови производи и недовршено производство и залихи на суровини и материјали;

– при изработка на пресметките ќе се користат дефинициите на Системот на националните сметки и постоечката Единствена класификација на дејности/Национална класификација на дејности;

– давањето на податоците за ова истражување е задолжително;

– извештајните единици податоците ќе ги даваат на ниво на подгранка, а ќе се објавуваат за Република Македонија по област, гранка и облик на сопственост.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-373/51
7 мај 1998 година
Скопје

В.д. директор,
Дончо Герасимовски, с.р.

739.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), В.д. директорот на Заводот за статистика на Република Македонија на 7.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНАЛИТИЧКО (СТАТИСТИЧКО) ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Со ова решение се утврдуваат методолошките основи за аналитичкото истражување „Годишна пресметка на додадената вредност на нефинансиските претпријатија" по чиста дејност што Заводот за статистика на Република Македонија, согласно Програмата за статистички истражувања за периодот 1998-2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/97), ќе го пресметува со годишна периодика од 1998 година.

2. За аналитичките пресметки од точка 1 од ова решение се утврдува дека пресметките се засновани врз база на редовни статистички истражувања на Заводот за статистика, Заводот за платен промет, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за финансии и други податоци од овластени носители.

– задолжително ќе се прибираат податоци за фактурираната реализација, бруто вредноста на производството, меѓуфазната потрошувачка, додадената вредност, набавната вредност на реализирана трговска стока, амортизација, нето деловен вишок, вработени, основни средства и залихи на готови производи и недовршено производство и залихи на суровини и материјали;

– при изработка на пресметките ќе се користат дефинициите на Системот на националните сметки и по-

стоечката Единствена класификација на дејности/Национална класификација на дејности;

– давањето на податоците за ова истражување не е задолжително;

– извештајните единици податоците ќе ги даваат на ниво на подгранка, а ќе се објавуваат за Република Македонија по област, гранка и облик на сопственост.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 02-373/75
7 мај 1998 година
Скопје

В.д. директор,
Дончо Герасимовски, с.р.

740.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), В.д. директорот на Заводот за статистика на Република Македонија на 7.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНАЛИТИЧКО (СТАТИСТИЧКО) ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Со ова решение се утврдуваат методолошките основи за статистичкото истражување „Квартална пресметка на бруто домашниот производ по постојани цени за Република Македонија", пробно во 1998 година.

што Заводот за статистика на Република Македонија согласно Програмата за статистички истражувања за периодот 1998-2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/97), ќе го спроведува со годишна периодика од 1998 година.

2. За статистичкото истражување од точка 1 од ова решение се утврдува дека како извори на податоци за овие пресметки ќе послужат редовни статистички истражувања од Секторот за национални сметки и редовни статистички истражувања од Секторот за деловни статистички и други бази на податоци во Заводот за статистика.

– задолжително ќе се прибираат податоци за бруто вредноста на производството, меѓуфазната потрошувачка, додадената вредност, средства на вработените;

– при спроведувањето на истражувањето ќе се користат дефинициите и стандардите на Системот на националните сметки и Единствена класификација на дејности/Национална класификација на дејности;

– давањето на податоците за ова истражување не е задолжително;

– ова се аналитички пресметки за кои ќе се користат податоци на подгранка и гранка, а објавувањето на податоците ќе се врши на ниво на област и на ниво на Република Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-373/76
7 мај 1998 година
Скопје

В.д. директор,
Дончо Герасимовски, с.р.

741.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), В.д. директорот на Заводот за статистика на Република Македонија на 7.05.1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНАЛИТИЧКО (СТАТИСТИЧКО) ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Со ова решение се утврдуваат методолошките основи за аналитичкото истражување „Квартална пресметка на бруто домашниот производ по тековни цени за Република Македонија", пробно во 1998 година што Заводот за статистика на Република Македонија согласно Програмата за статистички истражувања за периодот 1998-2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/97), ќе го спроведува со годишна периодика од 1998 година.

2. За статистичкото истражување од точка 1 од ова решение се утврдува дека како извори на податоци за овие пресметки ќе послужат редовни статистички истражувања од Секторот за национални сметки и редовни статистички истражувања од Секторот за деловни статистики како и друга база на податоци во Заводот за статистика.

– задолжително ќе се прибираат податоци за бруто вредноста на производството, меѓуфазната потрошувачка, додадената вредност, средства на вработените;

– при спроведувањето на истражувањето ќе се користат дефинициите и стандардите на Системот на националните сметки и Единствена класификација на дејности/Националната класификација на дејности;

– давањето на податоците за ова истражување не е задолжително;

– ова се аналитички пресметки за кои ќе се користат податоци на подгранка и гранка, а објавувањето на податоците ќе се врши на ниво на област и на ниво на Република Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-373/77
7 мај 1998 година
Скопје

В.д. директор,
Дончо Герасимовски, с.р.

И С П Р А В К И

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за определување на царински контингент при увоз на суровини наменети за производство за АД „Крзно" – Ресен, објавена во „Службен весник на РМ" бр. 22/98, се поткраднала грешка поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТ ПРИ УВОЗ НА СУРОВИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО ЗА АД „КРЗНО" – РЕСЕН

Во точка 2 во алинеја 1, наместо тарифната ознака „5506 70 00 00" треба да стои „5506 20 00 00".

Бр. 23-1294/1
21 мај 1998 година
Скопје

Од Владата на
Република Македонија

И С П Р А В К А
НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ ЗА ШТЕДНИ ВЛОГОВИ

Во Статутот на Фондот за осигурување на штедни влогови, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 22 од 15 мај 1998 година, направена е грешка и поради тоа се врши исправка, и тоа: на страна 1325, во пописите, после зборовите: „18. Поштенска штедилница Скопје" треба да стојат зборовите: „Коле Смилевски, с.р.".

Од Редакцијата

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје се води постапка за извршување на договор за купопродажба по тужбата на тужителката Стефанија Лешкова-Зеленковска од Скопје, со полномошник - адвокат Драган Тоневски од Скопје, против тужените Асанов Мемедов Азир од с. Нерези, со непозната адреса на живеење и второтуженио Абдил Алиевски од с. Средно Нерези - Скопје.

За времен застапник на првотуженио се определува адвокат Наташа Огњановска, ул."Пајко маало" бр. 6, која ќе го застапува првотуженио се до неговото јавување во постапката како странка.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XXI. П. бр. 3368/97. (9810)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор по тужбата на тужителот Сулејман Механл, против туженио Сулејман Јашар, со непозната адреса на живеење.

Се повикува туженио Сулејман Јашар да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави сегашната адреса на живеење.

Доколку не се јави во рок од 30 дена, ќе му биде поставен привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП кој ќе ги застапува неговите интереси до окончување на постапката или неговото јавување во судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, II.П. бр. 1062/98. (9394)

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води постапка за раскинување на договор за доживотна издршка по тужбата на тужителот Мемети Рецеп од Скопје, ул."Метохиска" бр. 25, застапуван од адвокатот Сашо Додевски од Скопје, против тужената Мемети Мирвет со непозната адреса во странство.

Се повикува тужената Мемети Мирвет да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно, ќе и биде назначен привремен застапник адвокатот Дафинка Ивановска од Скопје, која ќе ја застапува тужената во постапката се додека таа или нејзиниот полномошник не се појават пред судот, односно додека Органот за старателство не ќе го извести Судот дека назначил старател.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, IX.П.бр. 3424/96. (9519)

ОСНОВЕН СУД ВО ВЕЛЕС

Пред овој суд во тек е постапка за сопственост и ништавност на договор по тужбата на тужителката Лазова Цвета, против тужените Панов Симон, сега на привремена работа во странство со непозната адреса и други. Вредност на спорот 15.000,00 денари.

Се повикува туженио да се јави во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во судот, да назначи свој полномошник или, да ја достави својата точна адреса на престојување.

Во спротивно, судот за привремен застапник го поставува Зоран Лозаноски, стручен соработник во овој суд, кој ќе ги штити интересите на туженио се до правосилното окончување на спорот или до јавување на туженио пред судот.

Од Основниот суд во Велес, П.бр.426/98. (9937)

ОСНОВЕН СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Пред Основниот суд во Гевгелија е поднесена тужба од малолетната тужителка Јанева Дивна од Гевгелија, застапувана од нејзиниот татко Јанев Јанаки од Гевгелија, против тужената Жаклина Јанева, со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Жаклина Јанева да се јави во овој суд во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Расправа по предметната тужба е закажана за 29.VI.1998 година во 8,00 часот во сала број 7 во Основниот суд во Гевгелија.

